# Студирање дома и во странство
## студиски програми, услови за запишување и студирање

# МАТУРАНТ
**20 години**

Број 26, јуни 2024

Утри YouTube



**СРЕЌНО МАТУРАНТИ!**
**Бирајте паметно...**


STUDY IN SLOVENIA
UNIVERZA V LJUBLJANI
Univerza v Mariboru
UNIVERSITY OF NOVA GORICA — SCIENTIA 1995 VINCES
UNIVERZA NA PRIMORSKEM — UNIVERSITÀ DEL LITORALE
UNIVERZA V LJUBLJANI FKKT
UNIVERZA V LJUBLJANI FS Fakulteta za strojništvo
ВИСШЕ УЧИЛИЩЕ ПО ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ И ПОЩИ — UTP 1881 — СОФИЯ
ТЕХНИЧЕСКИ УНИВЕРСИТЕТ СОФИЯ
ТЕХНИЧЕСКИ УНИВЕРСИТЕТ ВАРНА Technical University of Varna
TU BERGAKADEMIE FREIBERG
FER SVEUČILIŠTE U ZAGREBU Fakultet elektrotehnike i računarstva
SVEUČILIŠTE U DUBROVNIKU UNIVERSITY OF DUBROVNIK
BRAINSTERNEXT COLLEGE
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ EST. 2004 СВ. НИКОЛЕ
total TV
ФОНДАЦИЯ БЪЛГАРСКА ПАМЕТ


ISSN 1857-6214
9 771857 621007


UNIVERSITY
OF LJUBLJANA
FS
Faculty of
Mechanical Engineering
We Propel
The Future
Develop solutions for
tomorrow's challenges
Follow us

UNIVERSITY OF ZAGREB
Faculty of Electrical Engineering and Computing

# STUDY @FER!

**We are the leading Croatian research and educational institution in the fields of electrical engineering, ICT, and computing.**




EXPLORE, EXPERIMENT, INVENT, CREATE!

## JOIN US!

**Application deadline**
**1 July 2024**

More information
www.fer.unizg.hr/enrolment | enrolment@fer.hr

Find us on

# ТЕХНИЧЕСКИ УНИВЕРСИТЕТ ВАРНА

**ТЕХНОЛОГИЈА НА УСПЕХОТ**



## ПРИЕМ 2024/2025
## ПДС „ДИПЛОМИРАН“
## ПДС „ПРОФЕСИОНАЛЕН ДИПЛОМИРАН“

**АИУКС** АВТОМАТИКА, ИНФОРМАЦИСКИ И УПРАВУВАЧКИ КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМИ

**АТ** АВТОМОБИЛСКА ТЕХНИКА

**А** АГРОНОМИЈА

**ВЕИ** ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

**ЕЕ** ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТИКА

**Е** ЕЛЕКТРОНИКА

**ЕОК** ЕЛЕКТРО ОПРЕМА НА БРОД

**ЕСЕО** ЕЛЕКТРОСНАБДУВАЊЕ И ЕЛЕКТРО ОПРЕМА

**ЕТЕТ** ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ЕЛЕКТРОТЕХНОЛОГИИ

**ЗНБА** ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД КАТАСТРОФИ И НЕСРЕЌИ

**ИИ** ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

**ИД** ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

**ИМ** ИНДУСТРИСКИ МЕНАЏМЕНТ

**ИЕ** ИНЖЕНЕРСКА ЕКОЛОГИЈА

**ИКТ** ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

**ИТС** ИНТЕЛИГЕНТНИ ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ (ЕЛЕКТРОНИКА ЗА АВТОМОБИЛИ)

**КС** САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ

**КТМ** КОМПЈУТЕРИЗИРАНИ ТЕХНОЛОГИИ ВО МАШИНСКОТО ИНЖЕНЕРСТВО

**КСТ** КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМИ И ТЕХНОЛОГИИ

**КММ** БРОДСКИ МАШИНИ И МЕХАНИЗМИ

**КВ** УПРАВУВАЊЕ СО БРОД

**КМТ** БРОДОГРАДБА И МОРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

**ЛВТ** ЛОГИСТИКА НА ВОДЕН ТРАНСПОРТ

**МТТ** ТЕХНИКИ И ТЕХНОЛОГИИ НА МАШИНСКО ИНЖЕНЕРСТВО

**РМ** РОБОТИКА И МЕХАТРОНИКА

**СИТ** СОФТВЕРСКИ И ИНТЕРНЕТ ТЕХНОЛОГИИ

**СМ** СОЦИЈАЛЕН МЕНАЏМЕНТ

**СТМ** ГРАДЕЖЕН МЕНАЏМЕНТ

**ТПИ** ТЕХНОЛОШКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ИНОВАЦИИ

**ТИП** ТОПЛОТЕХНИКА И ИНВЕСТИЦИСКО ПРОЕКТИРАЊЕ

**ТТТ** ТРАНСПОРТНА ТЕХНИКА И ТЕХНОЛОГИИ

**АТТ** АВТОМОБИЛСКА И ТРАНСПОРТНА ТЕХНИКА

**ЗТТ** ЗЕМЈОДЕЛСКА ТЕХНИКА И ТЕХНОЛОГИИ

**РЕТТ** РЕМОНТ И ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ТРАНСПОРТНА ТЕХНИКА

**РЕМУ** РЕМОНТ И ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МЕХАТРОНСКИ УРЕДИ

*Технически университет - Варна*
*гр. Варна, ул. „Студентска“ 1*

*+359 52 302 440 ; +359 87 814 8135*
*+359 89 990 4989*

*KSP@TU-VARNA.BG*

*www.ksp.tu-varna.bg*

## СОДРЖИНА:

*Универзитет за телекомуникации и пошти во Софија*

**Станете дел од успешниот тим!** стр. 7

*Бренд под кој се претставуваат и се промовираат високообразовните институции во Словенија*

**„STUDY IN SLOVENIA“** стр. 12

**УНИВЕРЗИТЕТ ВО ЉУБЉАНА** стр. 13

*Универзитет во Марибор*

**По знаење на Универзитетот во Марибор** стр. 19

*Универзитет во Нова Горица - Република Словенија*

**Студентите како активни учесници во процесот на учење** стр. 23

*Универзитет на Приморска, Копер, Република Словенија*

**Ги создаваме европските компетенции на 21 век и ги прошируваме можностите за кариера за нашите студенти** стр. 27

*Факултет за хуманистички науки*

**Истражувачка ориентација, индивидуален пристап и поблиска поврзаност меѓу студентите и професорите** стр. 31

*Машински факултет при Универзитет во Љубљана*

**Многу пати велам дека Машинскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, е мојот прв дом** стр. 36

*Факултет за хемија и хемиска технологија при Универзитет во Љубљана*

**Студиска програма Техничка безбедност: Перспективни студии и добри можности за работа** стр. 39

## Драги матуранти,

**Дали се чувствувате изгубено во лавиринтот на опции на додипломски и постдипломски студии, не сте сигурни каде и што да студирате, како да ги остварите вашите академски и професионални цели?**

**Од 2004 година секој јуни и декември непрекинато, списанието Матурант е со вас. Со цел да ви помогне да ја изберете својата идна професија, да го изберете најдоброто за вас. Вистинскиот избор каде и што ќе студирате, зависи од вашите афинитети и од вашата амбиција. Но исто така и од вистинската и навремена информација.**

**Ова јубилејно издание на Матурант е преполно со информации за врвни домашни и странски високообразовни институции, во секој поглед совршени за идните студенти кои го планираат својот академски пат. Без разлика дали сте иден студент или едноставно љубопитни, има тука за секого по нешто.**

**Иднината е пред вас. Изберете што и каде ќе студирате, која ќе биде вашата идна професија. Бирајте паметно. Од тоа зависи вашата иднина.**

**И понатаму останете фокусирани на нештата што ве движат напред и ве прават среќни и радосни.**

**Среќно матуранти!**

МАТУРАНТ

## СОДРЖИНА:


*Технички универзитет - Софија, Бугарија*

**Врските со бизнисот и идната кариера на студентите, основна задача на раководството на Техничкиот универзитет - Софија**

стр. 42

*Факултет за електротехника и компјутерски науки при Универзитет во Загреб*

**ФЕР е престижен, но достапен на секој кој ќе се потруди**

стр. 47

**УНИВЕРЗИТЕТ ВО ДУБРОВНИК**

стр. 50

*Проф. д-р Јордан Ѓорчев, основач на Меѓународен Славјански Универзитет*

**Можеме да кажеме дека нашиот универзитет прерасна во крстосница каде се обединуваат и споделуваат знаењата од сите краеви на светот**

стр. 54

**Бреинстер Некст колеџ - практично образование за сигурно вработување**

стр. 61

*Основач и претседател на Фондацијата „Бугарска меморија“*

**Филантропот Милен Врабевски повторно го спасува меѓународниот уметнички фестивал „Малиот битолски Монмартр 2024“**

стр. 63



Директор: Зоран Николов;
Уредници : Зоран Николов,Томе Ангеловски
Технички уредник: Томе Ангеловски; Лектор: Дијана Ристова
Издавач: Нома Прес дооел, Скопје
Маркетинг: Инвеста НИН дооел, Скопје
Фото Насловна: Никола Николов, матурант

Тел. и Вибер (070) 217-763
e-mail: maturant.nomapres@gmail. com
тр. сметка: 300000002587511,
Комерцијална Банка Скопје
e-Матурант: yumpu.com/user/maturantnomapres

# Универзитет за телекомуникации и пошти во Софија

# Станете дел од успешниот тим!

*Со нивната интензивна практична подготовка и интердисциплинарно знаење, дипломираните студенти на УТП не ја следат, туку ја управуваат промената. Во највисоко рангираната и единствена магистерска програма од ваков вид во Бугарија „Комуникациски мрежи и сајбер истрага“, УТП едуцира врвни професионалци кои можат да се реализираат насекаде во светот*



„Почитувани идни студенти,

Брзиот развој на ИТ–индустријата во последните години е доказ за нејзиниот висок потенцијал да биде еден од двигателите на економијата.

Телекомуникациите се област во која се вложуваат сериозни инвестиции, има најмала невработеност и постојана потреба од квалификуван кадар.

Универзитетот за телекомуникации и пошти обезбедува висококвалитетна професионална подготовка во областа на компјутерската администрација на софтверски апликации, безжични комуникации, дизајн на софтвер, информациски технологии и администрација на поштенските услуги.

Студентите имаат единствена можност да спроведуваат практична настава во водечки компании и партнери на УТП од ИТ–индустријата и да учат од најуспешните во оваа област. Токму затоа, студирањето на нашиот универзитет создава можности за успешна професионална реализација.



Ние Ви нудиме да се развивате во една од најперспективните области и да бидете дел од тимот на успешните!

Ве очекуваме!“

**проф. д-р Миглена Темелкова, претседател на Советот на ректорите на универзитетите во Република Бугарија и ректор на Универзитетот за телекомуникации и пошти во Софија**

Според проучувањата, за само 10 години 85 % од работните позиции ќе бидат сосема различни од сегашните! Ова подразбира многу можности за развој, но и го прави изборот на кариера далеку покомпликуван.

Затоа, кога одлучуваме по кој пат да тргнеме или во што да се преквалификуваме – треба да имаме предвид, дека претстои бум на технолошките и на инженерските професии. Поради широкото навлегување на вештачката интелигенција, некои полиња на дејност ќе стивнат и ќе отпаднат, но други ќе бидат сè побарани и подобро платени.

Универзитетот за телекомуникации и пошти стратешки пристапува кон новите предизвици поврзани со поразличниот профил на професионалци кои пазарот веќе почна да ги бара.

Универзитетот за телекомуникации и пошти се етаблира како лидер во образованието за сајбер безбедност, нудејќи програми на сите образовни степени – професионален дипломиран, дипломиран и магистер.

За само 3 години, може да се добие не само професионална диплома, туку и пристап до многу можности за кариера во специјалности како што се „Сајбер безбедност на високите технологии“, „Безжични комуникации“, „Компјутерска администрација на софтверски апликации“, „Дизајн на софтвер“ и „Менаџмент и информациски технологии во телекомуникациите и поштите“.

Сферата на сајбер безбедноста е широка и се вкрстува со секое поле, во кое е вклучен современиот бизнис. Според ЕК, економското влијание на сајбер криминалот пораснало петкратно помеѓу 2013 и 2017 година. Според Европол, во 2016 година, 80 % од компаниите во ЕУ претрпеле најмалку еден сајбер инцидент. Прогнозираниот раст на премиите за сајбер осигурување од 3 милијарди евра во 2018 година, скокна на 8,9 милијарди евра во 2020 година. Овие предизвици, што сајбер заканите ги претставуваат за ЕУ и за поширокото глобално опкружување – предизвикуваат траен тренд на исклучителна побарувачка на висококвалификувани кадри во областа на сајбер безбедноста! Универзитетот за телекомуникации и пошти, обучува дипломирани инженери по „Сајбер безбедност на комуникациските технологии“ и „Сајбер безбедност во бизнисот“. Во највисоко рангираната и единствена од тој вид во Бугарија магистерска програма, „Комуникациски мрежи и сајбер истрага“, УТП едуцира врвни специјалисти со можност да се реализираат насекаде во светот.

Магистерската програма е развиена со оптимален соднос помеѓу фундаменталните знаења, теоријата и практиката, а наставната програма е изградена во согласност со барањата на израелската Дирекција за сајбер безбедност и е дел од концептот на Бугарската академија за безбедност. Значаен дел од предавањата ги изведуваат водечки израелски експерти на Академијата.

Една од големите предности на сите образовни и квалификациски степени е што студентите поминуваат обука на сајбер симулаторот Cyber Range, а на крајот од обуката полагаат испит на истиот, што најобјективно може да даде оценка за научениот наставен материјал и за степенот на нивната подготовка.

**Специјалистите од Универзитетот за телекомуникации и пошти, не отстапуваат пред вештачката интелигенција - тие ја управуваат!**

Вештачката интелигенција веќе е дел од нашиот живот. Сè поупорно навлегува во работните процеси, го заменува човекот на голем број работни места, бидејќи сè уште не знаеме како да ги искористиме нејзините предности и врз основа на тоа да ја подигаме цената на нашата работна сила на пазарот на трудот. Токму оваа филозофија е вградена во специјалноста „Дигитално претприемништво и вештачка интелигенција“ – најновата дипломска програма на Универзитетот за телекомуникации и пошти.




***„Програмата е единствена од ваков вид во Бугарија. Верни на нашиот стил, ние сме пред настаните и ги градиме инженерите на иднината. Големиот предизвик денес, не е да бидеме исфрлени од работа поради вештачката интелигенција, туку да научиме да ги користиме нејзините предности и да вредиме повеќе на пазарот на трудот!“ - вели ректорот на Универзитетот проф. д-р Миглена Темелкова.***

Специјалноста „Дигитално претприемништво и вештачка интелигенција“ се појавува како уште еден предводник меѓу специјалностите на Универзитетот. Таа ќе ѝ ги даде на економијата инженерите, кои ќе генерираат содржина со вештачка интелигенција и ќе создаваат и дополнуваат бази на податоци во системи на вештачка интелигенција.

Технологиите заземаат сè поголем дел и од медицината. Затоа е потребен нов тип на специјалисти во светот – оние со медицинско знаење, но кои поседуваат сериозни инженерски компетенции. Партнерството на Универзитетот за телекомуникации и пошти со МУ – Плевен и МУ – Пловдив резултира со висококвалификувани инженери, способни да управуваат и одржуваат интелигентни и роботизирани апликации за потребите на медицината и здравството. Специјалностите „Телемедицина“ и „Дизајн на софтвер во медицината“ се исклучително перспективни, бидејќи почетните плати во оваа област варираат меѓу 2.000 и 4.000 лева, а „гладот“ за кадри специјализирани за медицинска технологија, опрема и софтвер – е огромен насекаде во светот.

***„Современото образование треба да создава кадри релевантни за барањата на економијата. Ова***

*се постигнува кога бизнисот е постојано присутен во образовниот процес. И тоа е една од спецификите на бугарското високо образование. Голем дел од универзитетите во Бугарија обезбедуваат практично-применливо образование, кое им овозможува на дипломираните студенти брзо и без голема адаптација, ефективно да ги заземат работните места во некои од најголемите технолошки и индустриски компании кои работат како кај нас, така и на глобалниот пазар. Други универзитети, кои се научноистражувачки, акцентираат на фундаменталните научни истражувања и им обезбедуваат основна подготовка на своите студенти во голем број области како што се социјалните, хуманистичките и техничките науки, хемијата, физиката, медицината. Токму таа разнородност на бугарските универзитети, го прави и бугарското високо образование специфично и не полошо од високото образование во другите европски земји.*

*Ќе дадам и конкретен пример. На Универзитетот за телекомуникации и пошти предаваат експерти од водечките компании во телекомуникациите и во ИТ-секторот. Овие компании им обезбедуваат на нашите студенти практикантска работа и практично искуство во реална производствена средина. Овие компании инвестираат на нашиот универзитет повеќе од половина милион лева годишно во лаборатории, софтвер, технологија и иновации. Така, образованието и бизнисот одат рака под рака и заедно произведуваме кадри, кои брзо се реализираат на пазарот на трудот со почетни плати над 3.000 лева“.*



***проф. д-р Миглена Темелкова, претседател на Советот на ректорите на универзитетите во Република Бугарија и ректор на Универзитетот за телекомуникации и пошти***




Она што е заедничко за развивачите на софтвер, менаџерите во различни области, дигиталните претприемачи и сајбер специјалистите е дека се очекува сериозно зголемување на побарувачката и вработувањето за овие професии во наредните децении.

Во чекор со трендот се и дипломските специјалности без аналогија во Бугарија и со исклучителна перспектива: „Телекомуникациски технологии“, „Компјутерски технологии“, „Менаџмент во телекомуникациите и поштите“, „Дигитално претприемништво и високи технологии“, „Дигитална јавна администрација“, „Алтернативни енергетски технологии“.

УТП е единствениот од инженерските универзитети во земјата, кој се радува на растот на запишување студенти во изминатите 3 години, а компјутерските специјалности се најбарани од студентите во странство. УТП нуди разни форми на програми за практикантска работа и менторство кај своите корпоративни партнери, а распоредот за студирање е организиран на таков начин, што им овозможува на студентите да работат.

Кандидатите за студенти можат да изберат дали ќе се пријават со доброволен општообразовен тест (се спроведува онлајн), или со евалуацијата од ДЗИ по бугарски јазик и литература или со евалуацијата од задолжителен државен испит за стекнување на стручна квалификација (ЗДИППК), при што се зема највисоката оценка.

За повеќе информации и распоред за пријавување и испити – видете тука:

https://www.utp.bg/admission-of-students/

Детален опис на таксите за различните специјалности и степени на квалификација можете да видите тука:

https://www.utp.bg/admission-of-students/taxes/

За удопството на студентите, УТП обезбедува сместување во студентски домови, кои се дел од кампусот на Универзитетот и се наоѓаат во непосредна близина, како до него, така и до спортската сала на Универзитетот во реонот „Студентски“, блок 30 и блок 32. Блоковите за студентски престој се наоѓаат во близина на паркови, места за забава, ресторани и продавници. Пристапот до центарот на главниот град е максимално олеснет.

МАТУРАНТ

## Студентски сведоштва

Кристијан од Дупница: „Задоволен сум, затоа што можам да работам и во исто време да го учам точно тоа, за кое се едуцирам!“

Кристијан се запозна со Универзитетот за телекомуникации и пошти на берзата на идни студенти во Спортската сала во Дупница, уште додека беше во 10–то одделение.

„Тогаш решив, дека сакам да учам сајбер безбедност!“

Во моментов тој е на втор степен на Универзитетот на насоката „Сајбер безбедност на комуникациските технологии”. Уште поинтересно е што тој е веќе вработен на Универзитетот и работи како систем администратор.

„Сметам дека е задолжително да завршам магистратура. Живеам во пријатен студентски дом обезбеден од Универзитетот и се радувам што имам многу колеги студенти од југозападниот дел на Бугарија! Сакам да се развивам и да работам за најголемите светски компании за сајбер безбедност, а зошто и да не основам своја компанија еден ден?“

## Историја на УТП - Софија

**Универзитетот за телекомуникации и пошти е една од најстарите високообразовни институции во Бугарија**

1881 г. – Универзитетот за телекомуникации и пошти е правен наследник на Државната телеграфска школа, основана со указ на принцот Александар I од Батенберг (31 декември 1881 година).

1923 г. – со указ бр. 60, цар Борис III одобрува Закон за отворање училиште за практично и теоретско изучување на телеграфската и на поштенската служба.

1948 г. – со указ бр. 310 на Президиумот на Големото народно собрание се прогласува Закон за Државниот телеграфски и поштенски институт, усвоен на 18 февруари 1948 година.

1954 г. – Президиумот на Народното собрание со указ го отвора Државниот полувиш институт за комуникации (10 декември 1954 година). Во 1970 година, Президиумот на Народното собрание го именувал институтот како Полувиш институт за комуникации „Аврам Стојанов“.

1997 г. – Народното собрание објавува решение со кое се доделува статус на самостоен Колеџ на Полувишиот институт за комуникации, со име Колеџ за телекомуникации и пошти со седиште во Софија и со времетраење на студирањето од 3 години.

2015 г. – на 21 мај 2015 година, со решение на Народното собрание на Република Бугарија, Колеџот за телекомуникации и пошти – Софија е трансформиран во **Универзитет за телекомуникации и пошти** со седиште во Софија.

Зградата на Универзитетот за телекомуникации и пошти е највисоката зграда во студентскиот град!




Сликата е достапна на веб–страницата на УТП: www.utp.bg (УТП, Историја)

## Области на високо образование, професионални насоки и специјалности на УТП

**Професионална насока „Администрација и управување“**
Менаџмент и информациски технологии во телекомуникациите и поштите
Менаџмент во телекомуникациите и поштите
Менаџмент во воздухопловството
Дигитални и социјални технологии
Паметно лидерство
Управување на услуги

**Професионална насока „Комуникациска и компјутерска техника“**
Компјутерска администрација на софтверски апликации
Дизајн на софтвер
Сајбер–безбедност на високите технологии
Безжични комуникации
Компјутерски технологии
Сајбер безбедност на комуникациските технологии
Сајбер безбедност во бизнисот
Телекомуникациски технологии
Дизајн на софтвер во медицината
Телемедицина
Комуникациски системи за опслужување на воздушниот сообраќај
Телекомуникациски системи во железничката инфраструктура
Телекомуникациски технологии за беспилотни летала
Информациски технологии
Мобилни комуникации и интернет
Communication Networks and Cyber Crime Investigation

**Професионална насока „Општо инженерство“**
Дигитално претприемништво и високи технологии
Дигитално претприемништво и вештачка интелигенција
Дигитална јавна администрација
Алтернативни енергетски технологии
Дигитално лидерство
Паметно управување со регенеративни технологии


С традиция в образованието
вече над 140 години!
15 ТОП СПЕЦИАЛНОСТИ
В ОБРАЗОВАТЕЛНО-КВАЛИФИКАЦИОННА СТЕПЕН
ПРОФЕСИОНАЛЕН БАКАЛАВЪР • БАКАЛАВЪР
МАГИСТЪР • ДОКТОР
UTP
1881
140
години
ВИСШЕ
УЧИЛИЩЕ ПО
ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ И
ПОЩИ
››› www.utp.bg

# STUDY IN SLOVENIA

Study in Slovenia е иницијатива, која делува во рамките на Националната агенција на Република Словенија за мобилност и европски програми за образование и обука со која на меѓународниот простор се претставуваат словенечките високошколски институции. Под заеднички бренд, преку различни канали, првенствено го промовираме словенечкиот високообразовен систем, како и Словенија како земја во која едноставно убаво е да се живее...

Словенија е мала земја со големо срце. Сместена е во срцето на Европа и во себе во минијатура крие сè што има да понуди убава и разновидна природа: планини, ридови, море, езера, реки, како и живи градови, шармантни места, а пред сè пријателски и отворени луѓе. Словенија е сигурна и мирна земја во која секој може да најде нешто за себе. И домашните и странските студенти се добро згрижени, така што студентите кај нас се чувствуваат добредојдени.

Тоа уште повеќе го забележуваат младите и другите луѓе, кои доаѓаат од земји со кои некогаш споделувавме заедничка држава. Поради билатералните договори меѓу тие земји, студентите од Северна Македонија имаат посебен статус во споредба со другите странски студенти, бидејќи се ослободени од плаќање школарина. Покрај редовните студии, овие договори овозможуваат и студиска размена меѓу двете држави, што е дополнителна предност.

Затоа да се биде студент во Словенија можеби е полесно отколку на друго место во светот. Студентите од Северна Македонија не само што не плаќаат школарина за редовни студии на додипломски и магистерски програми, туку ги имаат и сите поволности што ги имаат домашните студенти: субвенционирани исхрана и превоз, бесплатно позајмување библиотечни материјали, попусти за влезници за музеи и за други културни институции, учество на многу културни и општествени настани и друго. Интересна е организираната понуда на студентска работа во Словенија, при што државата ја пропишала минималната плата по час, а работодавачите се обврзани да им плаќаат и здравствено и пензиско осигурување на студентите за нивната работа. Меѓународните студенти се добро згрижени и преку системот на туторство, достапни им се многубројни курсеви по словенечки јазик и многу други воннаставни активности.

Повеќе за студиските програми, високообразовните институции, условите за упис, студентскиот живот и за сè она што би било интересно за еден млад човек кој ќе одлучи да студира во странство, можете да најдете на веб-страницата на иницијативата Study in Slovenia www.studyinslovenia.si. Можете да нè следите и на Фејсбук, Инстаграм или погледајте го нашиот Јутјуб-канал каде што ги споделуваме искуствата на меѓународните студенти кои студираат кај нас. Според нивните зборови, Словенија е навистина добар избор за млад човек кој сака да стекне искуство во друга земја како од аспект на студии, така и на живеење во неа. Исто така, често слушаме пофалби за локацијата на земјата, која, како што веќе споменавме, се наоѓа во срцето на Европа, што значи дека многу атрактивни градови како Виена, Будимпешта или Венеција се лесно достапни со модерни, комфорни превозни средства.

Покрај тоа, автентичниот меѓународен дух може да се доживее во сите универзитетски градови во земјата, бидејќи Словенија се смета за една од земјите со растечки број на странски студенти, како на редовни студии, така и како дел од програми за размена, како што се Еразмус+, CEEPUS...

STUDY IN SLOVENIA



автор на фотографиите: Jurij Pelc



автор на фотографиите: Jurij Pelc



автор на фотографиите: Jurij Pelc

Накратко, Словенија нуди квалитетно образование, пристоен живот и висок стандард на студентите во безбедна, зелена и јазично блиска земја.

Придружете се на меѓународниот дух на Словенија и откријте нè самите!

UNIVERZA V LJUBLJANI

# УНИВЕРЗИТЕТ ВО ЉУБЉАНА

STUDY IN SLOVENIA

***Се гордееме со сите наши меѓународни соработки, размени, како и со фактот дека сè поголем број на меѓународни студенти избираат да студираат на нашата институција***

Како најголем и најстар универзитет во Словенија, Универзитетот во Љубљана претставува високообразовен и истражувачки центар и нуди широк спектар на студиски програми во најразлични области од науката и уметноста. Редовно е оценуван на бројни меѓународни рангирања што укажува на добра интеграција во меѓународната истражувачка средина и успешно спроведување на стратегиските активности.

Речиси 40.000 студенти се запишани на вкупно 364 студиски програми на сите три циклуси на студии и над 9 % се меѓународни студенти, од кои најбројни се од Северна Македонија. Универзитетот во Љубљана има три уметнички академии и 23 факултети коишто нудат висококвалитетни студиски програми од областа на општествените, хуманистичките и природните науки, медицината, технологијата, уметностите и спортот.

Членови на Универзитетот во Љубљана

Трите уметнички академии нудат дипломски програми од областа на музиката, ликовната уметност, дизјанот, радиото, филмот и телевизијата.

**1. Универзитет во Љубљана АКАДЕМИЈА ЗА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН:** Академијата за ликовна уметност и дизајн (ALUO) се гордее со својата традиција. Воспоставена е на 27 октомври 1945 година како Академија за ликовна уметност која нуди курсеви по сликарство и скулптура. Со текот на годините, Академијата го менуваше своето име и ги проширувавше своите дејности во согласност со својот развој. Во 1984 година, студиите се проширија со вградување на индустриски дизајн и визуелни комуникации, а по десет години се воведе и конзервација/реставрација. Студентите може да изберат од неколку програми: Сликарство (Сликарство, Видео и Нови медиуми), Скулптура, Конзервација и реставрација на уметнички дела, Индустриска и применета уметност (Индустриски дизајн, Применети уметности) и Дизајн на визуелни комуникации (Фотографија, Графички дизајн, Илустрација).

**2. Универзитет во Љубљана МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА:** Музичката академија нуди две додипломски програми: Музички уметности, со своите 26 основни студиски можности и Музичко образование, како и четири магистерски програми: Инструментално и вокално образование (22 основни студии), Музички уметности (достапни се 26 основни студии), Музичко образование и музичко теоретско образование (3 основни студии). Достапни основни студии се следниве: Хармоника, Фагот, Хорско диригирање, Кларинет, Композиција и теорија на музика, Контрабас, Флејта, Гитара, Харфа, Чембало, Хорна, Обоа, Оркестарско диригирање, Оргули, Ударни инструменти, Пијано, Рикордер, Света музика, Саксофон, Пеење, Тромбон, Труба, Туба и сродни инструменти, Виола, Виолина, Виолончело, Џез. Истражувачката група на Академијата им се придружува на научниците и на истражувачите кои работат со истражувачки прашања во областите по предметна наставна методологија, музикологија, теорија на музика, композиција и музичка изведба.

**3. Универзитет во Љубљана АКАДЕМИЈА ЗА ТЕАТАР, РАДИО, ФИЛМ И ТЕЛЕВИЗИЈА:** Академијата за Театар, Радио, Филм и Телевизија беше основана во 1945 година. Од 1975 година, таа е една од 26 членки на Универзитетот во Љубљана. Наставниот процес на Академијата е комбинација на уметничка и истражувачка дејност и силно се темели на поединечно туторство. Дипломските програми се темелат на уметничка, креативна и практична основа. Нивната цел е да ги обучат студентите за обезбедување и спроведување на различни уметнички проекти од нивната соодветна област. Практичните аспекти на уметничката обука се комплементарни со модули за истражување и теорија и вклучуваат голем број на факултативни избори. Под темелно водство на висококвалификувани универзитетски предавачи, Академијата има за цел да го подобри процесот на студирање со тоа што поканува истакнати уметници и професионалци од областа на теа-

тарот, филмот и телевизијата да ја споделат својата експертиза и практичното искуство. Наставниот процес на Академијата ја почитува традицијата, но се стреми исто така да вклучи истражување и иновативни приоди.



Фото: UL-STA

Полето на природни науки, технологија и инженерство се состои од 10 факултети кои нудат единствени програми што ги подготвуваат студентите за кариера во области со висок раст.

**4. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ПО АРХИТЕКТУРА:** Факултетот по архитектура во Љубљана вообичаено се смета за еден од најдобрите архитектонски школи во Средна Европа. Потврда за неговиот квалитет доаѓа од безброј успешни студенти и дипломци кои често постигнуваат завидни резултати во земјата и во странство. Дипломците се познати по нивното општо и професионално профилирано знаење како и по системскиот проектен приод што овозможува вработување во различни полиња на уметнички и архитектонски потфати. Архитектонскиот факултет обезбедува едноциклусна дипломска програма по архитектура, додипломски и дипломски програми по Урбанизам како и докторски студии по Архитектура.

**5. Универзитет во Љубљана МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ:** Машинскиот факултет обезбедува образование на сите нивоа на степен. Кај додипломските студии, се спроведуваат програми за професионален степен како и за универзитетски степен. Првата е посветена на стекување знаење од поширок опсег на машинството, обезбедувајќи им на дипломците соодветни вештини за вработување веднаш. Втората програма е поделена на дисциплините Енергетско инженерство, Процесно инженерство, Дизајн на машини и уреди, Дизајн на индустриски системи, Производни технологии, Производно инженерство, Мехатроника, Пилот за авиотранспорт, Дизајн и одржување на авиони. Универзитетската програма е посветена на стекнување основно знаење што претставува соодветна почетна точка за истражувачки студии на магистерско ниво.

**6. Универзитет во Љубљана ПРИРОДНО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ:** Природно–техничкиот факултет има четири катедри: Катедра по геологија, Катедра по геотехнологија, рударство и животна средина, Катедра по материјали и металургија и Катедра по текстил, графичка уметност и дизајн. На сите овие катедри можно е да студираат поединечни дисциплини на сите нивоа. Во студиските полиња влегуваат: графика и медиумски комуникации, текстил, моден дизајн, материјали и металургија, геологија и геотехнологија, рударство и животна средина.

**7. Универзитет во Љубљана ГРАДЕЖЕН И ГЕОДЕТСКИ ФАКУЛТЕТ:** Градежниот и геодетски факултет образува професионалци на сите три степени со цел да се обезбеди функционалност на изградената средина и оптимален развој на односите меѓу општеството, изградената средина и природата. Дипломските програми од областите на градежништвото, водостопанството и инженерството за животна средина, геодезијата и геоинформациите, просторното планирање и зградите се одлична гаранција за новите генерации студенти да ја поминат својата кариера ангажирани во интересни и инспиративни проекти во соработка со засегнатите чинители. Со неодамнешната економска ревитализација, особено во градежниот сектор, побарувачката за овие професии значително се зголеми поради што се нуди добра можност за вработување во Словенија и во странство.

**8. Универзитет во Љубљана БИОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ:** Студиите на Биотехничкиот факултет се организирани на сите три нивоа, додипломски, магистерски и докторски студии и ги опфаќаат соодветните области: агрономија, производство на животни, биологија, биотехнологија, наука за храна и исхрана, шумарство и обновливи шумски ресурси, пејзажна архитектура, микробиологија, дрвна наука и технологија, агрономија и хортикултура, сточарство, шумарство и дрвно инженерство. Студиите ѝ даваат посебен акцент на практичната работа во лабораториите и на терен. Истражувачката дејност на Биотехничкиот факултет опфаќа широк спектар на биотехнички науки (животни науки). Истражувачите се ангажирани во основни и применети истражувања и во ваква форма интензивно соработуваат во практика.

**9. Универзитет во Љубљана ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ:** Електротехничкиот факултет нуди академска дипломска програма по електротехника, програма за професионален степен по применета електротехника и дипломска интердисциплинарна програма по мултимедија. Покрај овие програми со степен, Електротехничкиот факултет, исто така, нуди натамошна професионална обука и дополнително образование. Посебно внимание се посветува на образованието на помладите истражувачи кои се воведуваат во истражувањето и во наставата.

**10. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ПО ХЕМИЈА И ХЕМИСКА ТЕХНОЛОГИЈА:** Дипломските програми што се нудат на Факултетот за хемија и хемиска технологија ги опфаќаат сите важни аспекти на хемиските науки, додека, пак, техничката безбедност дури и ги надминува строгите граници на хемијата. Дипломските програми ја нудат следната основна содржина: хемијата е една од централните природни науки која ја проучува материјата, нејзиниот состав, структура, својства и материјалните промени. Хемиското инженерство е основна техничка дисциплина што овозможува рационално спроведување на хемиски или на биохемиски процеси во производството на корисни материи. Биохемијата ја претставува врската меѓу хемијата и биологијата: таа ги објаснува животните процеси на молекуларно ниво и ја истражува структурата и активноста на биолошките молекули. Техничката безбедност станува еден од основните елементи на квалитетот и сигурноста на производните процеси.

**11. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ И ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ:** Основната дејност на Факултетот за компјутерски и информатички науки (ФРИ) е образованието за компјутерски науки на професионалци од различни профили, кои генерираат нови знаења и бараат решенија за тековни проблеми. Главните дипломски програми се посветени на компјутерските науки и информатичката технологија, но како дел од интердисциплинарната соработка со другите факултети, Факултетот нуди и заеднички дипломски програми од областа на компјутерските науки и математиката, административната информатичка технологија, мултимедијата и интердисциплинарните области на когнитивните науки и бионауките. Преку разновидни програми, на студентите им се нудат основни и практични знаења потребни за работа во професијата, додека изборните димензии на програмите обезбедуваат широко образовани дипломци и висококвалификувани професионалци.

**12. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ЗА МАТЕМАТИКА И ФИЗИКА:** Главната мисија на Факултетот за математика и физика е високото образование, научноистражувачката работа, стручната работа и развојот во областа на двете основни природно–математички науки, математиката и физиката. Факултетот за математика и физика нуди образование на сите нивоа на степен. Додипломската програма спроведува две професионални програми, Практична математика и применета физика, и три академски дипломски програми, Финансиска математика, Математика, Физика и едноциклусни магистерски студии по Математичко образование. Заедно со Факултетот за компјутерски и информатички науки, Факултетот спроведува интердисциплинарни студии по Компјутерски науки и математика. На додипломски и постдипломски нивоа, студентите по математика и физика имаат креативни, оригинални и флексибилни умови. Поради тоа тие се успешни и барани во многу полиња како на пример, истражување, образование, индустрија и финансии.

**13. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ЗА ПОМОРСКИ СТУДИИ И ТРАНСПОРТ:** Факултетот за поморски студии и транспорт нуди дипломски програми за сите степени. Додипломските програми вклучуваат академска дипломска програма за Сообраќајна технологија и логистика, а програмите за професионален степен се во областа на поморското инженерство, Наутичките студии и Сообраќајната технологија и транспортна логистика, со општи изборни курсеви и изборни предмети од областа на логистиката, патниот сообраќај, железничкиот сообраќај, поморскиот сообраќај и воздушниот сообраќај.



Фото: IFP, d.o.o.

Студентите може, исто така, да одлучат да студираат на еден од осумте факултети од областа на хуманистичките и општествените науки коишто поттикнуваат отворено и критичко мислење.

**14. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ПО УМЕТНОСТ:** Факултетот по уметност е најважната национална универзитетска образовно–истражувачка институција за хуманистички и општествени науки. Образува студенти и креира супериорни интелектуалци со отворен и критички ум во областа на хуманистичките и општествените науки како и образовани наставници во областа. Посебно внимание посветува на зајакнувањето на дисциплините од национална важност притоа обликувајќи го словенечкиот идентитет. Подразбира научно знаење во студискиот процес така што ја надградува традицијата давајќи ѝ нов квалитет, основен за словенечката самосвест и за креативното присуство на Факултетот на меѓународен план.

**15. Универзитет во Љубљана ТЕОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ:** Теолошкиот факултет е еден од коосновачите на Универзитетот во Љубљана. Студиите и научноистражувачките активности се одвиваат во Љубљана како и во неговото одделение во Марибор. Теолошкиот факултет има за цел да квалификува

МАТУРАНТ

студенти за критична рефлексија за темите како што се општествена реалност, трансценденција, интерперсонални односи, религија, откровение, канонско право, морал и образование. Обезбедува знаење од области на хуманистичките и општествени науки, главно низ перспективата на филозофските и теолошките дисциплини. Последниве вклучуваат библиско-егзегетичка теологија, историска теологија, систематска теологија и практична теологија. Во рамки на бракот и семејните студии, на своите студенти им нуди знаење за консултации, инструкции, истражување и превентивна работа во различни области на бракот и семејните прашања.

**16. Универзитет во Љубљана ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ:** Правниот факултет е основан во 1919 година и е еден од основачките факултети на Универзитетот во Љубљана и најголемиот правен факултет во Словенија. Факултетот се стреми да им овозможи на своите студенти да совладуваат поединечни правни области, како и целокупната структура на правниот систем, и да ги опреми со методи на правна анализа и расудување што ќе им овозможи да решаваат практични правни проблеми. Исто така има за цел да го негува нивниот поширок интелектуален развој и критичко мислење, рефлектирајќи ги и преиспитувајќи ги основните вредности на правниот систем.

**17. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА:** Преку додипломска, магистерска, докторска и континуирана едукација, Факултетот за социјална работа нуди знаења и обуки за професионални задачи и услуги во социјалната заштита и во други области каде што се потребни знаењата и вештините на социјалните работници. Факултетот за социјална работа има развиено основни форми и методи на современата социјална дејност како што се советувањето, групната работа, општокорисната работа и работа со семејства. Достигнувањата во областите на волонтерство, акциско истражување и квалитативното истражување воопшто одиграа важна улога во словенечките општествени науки. Факултетот за социјална работа има развиено посебни образовни полиња за работа со повозрасни лица, семејства, млади, луѓе со ментални нарушувања, луѓе со попреченост, етнички малцинства и други. Значаен дел од дипломската програма вклучува практична работа.

**18. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА:** Факултетот за администрација има најдолга традиција за образование во областа на администрацијата во Словенија. Факултетот им обезбедува на своите студенти знаење и практично искуство за тие да можат да бидат конкурентни на пазарот на трудот. Во областа на образовните програми за јавна администрација, Факултетот за администрација е единствениот словенечки факултет наградуван од најпрестижното Европско здружение за акредитација на јавна администрација (EAPAA) за додипломски програми и за магистерски студии. Додипломските програми се модерни, насочени програми, кои обезбедуваат интердисциплинарни знаења од областа на администрацијата, организацијата, правото, економијата, управувањето и информатичката наука. Студентите може да ги развијат и продлабочат своите знаења и вештини со магистерските и докторските дипломски програми.

**19. Универзитет во Љубљана ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ:** Економскиот факултет е водечката образовна институција во областа на економијата и деловното работење во Словенија. Обезбедува меѓународно признати и споредливи дипломски програми на сите нивоа како и програми со двоен степен. Тој е единствениот факултет во поширокиот регион што е наградуван со меѓународните акредитации EQUIS, AACSB и AMBA, поради што влегува во групата на елитни тројно-крунисани училишта. Ова достигнување го рангира меѓу првите 1 % од деловните и економските училишта во светот. Економскиот факултет пренесува знаење од економијата и деловните науки на над 5.300 студенти годишно. Нуди две додипломски програми, 17 магистерски програми, една докторска програма во областа на економијата и деловното работење и една програма со двоен степен. Исто така ја води програмата МБА, која е наградена со високоценетата меѓународна акредитација од AMBA (Асоцијација на МБА). Оваа програма им нуди на вишиот раководен кадар со долгогодишно искуство можност да ги надградуваат своите практични економски и деловни знаења.

**20. Универзитет во Љубљана ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ:** Педагошкиот факултет образува наставници и други стручни кадри во областа на образованието. Педагошкиот факултет образува најразлични професионалци, т.е. наставници за предучилишно и основно образование кои можат да научат да држат настава на англиски јазик во првите години од основното образование, наставници што се специјалисти за настава по два предмета и наставници за ликовна уметност. Обезбедувајќи дипломски програми по Социјална педагогија, Посебна и рехабилитациска педагогија и Говорно-јазична терапија, Факултетот образува специјалисти за инклузивно образование како и образование на деца и млади со посебни потреби. Педагошкиот факултет редовно организира континуирана и дополнителна обука на вработени наставници кои се веќе во образовниот процес.

**21. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ:** 62 години, Факултетот по општествени науки, како еден од најголемите факултети по општествени науки, е водечка сила во областа на општествените науки во Словенија преку својата настава и истражувачка дејност кај широк спектар на основни и применети дисциплини. Во основните области – социологија, политички науки, комуникациски науки, новинарство и културни студии – наставниот кадар, исто така, постојано разви-

ва меѓународни односи, европски студии, одбрана, социјална информатика, маркетинг–комуникации, односи со јавноста, антропологија, религиозни студии и многу други општествени научни дисциплини. Факултетот соработува со повеќе од 200 странски универзитети, институти и стручни асоцијации од областа на општествените науки. Значењето и важноста на Факултетот го потврдуваат Институтот за општествени науки, Централната библиотека за општествени науки „Јоже Горичар“ и Издавачката куќа која работи во рамките на Факултетот.

Исто така ги покануваме и потенцијалните студенти кои се заинтересирани за медицина, здравствени науки и спорт.

**22. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ НАУКИ:** Факултетот за здравствени науки е образовна и истражувачка институција од областа на осумте сродни здравствени науки. Нуди додипломско универзитетско образование по Санитарно инженерство и додипломски студии за високостручно образование по Лабораториска стоматолошка протетика, Акушерство, Образование за медицински сестри, Терапија за професионална деформација, Ортотика и протетика, Физиотерапија и Радиолошка технологија. За време на додипломските студии, студентите стекнуваат знаење и најважни вештини потребни за современиот пазар на труд. Дипломците поседуваат општо знаење од широк опсег на предмети. Тие се свесни за важноста на интердисциплинарната тимска работа како и за активната улога на пациентот во управувањето и третманот на нивните заболувања. За време на магистерските студии, студентите ги продлабочуваат и прошируваат своите знаења и/или ја подобруваат својата професионална компетентност преку други дисциплини. Програмата ги подготвува студентите за докторки студии, доживотно учење и независно научно истражување.

**23. Универзитет во Љубљана МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ:** Медицинскиот факултет им нуди на студентите едноциклусна магистерска програма по Медицина и Стоматологија. Основната цел на едноциклусната магистерска програма по Медицина е обука на експерти за извршување на професионални должности и задачи од областа на медицината и давање здрава основа за натамошна професионална обука во областа на специјализациите и продолжување на студиите на докторско ниво. Основната цел на едноциклусната магистерска програма по Стоматологија е обука на експерти за извршување на професионални должности и задачи од областа на стоматологијата и давање здрава основа за натамошна професионална обука во областа на специјализациите и продолжување на студиите на докторско ниво.

**24. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ПО ФАРМАЦИЈА:** Факултетот по фармација е единствената високообразовна институција во Република Словенија што работи во областа на фармацијата и клиничката биохемија. Нуди едноциклусна магистерска програма по фармација, како и додипломски програми по Лабораторија, Биомедицина и Козметологија. Фармацевтскиот факултет го следи концептот на високо образование во фармацевтските и биомедицинските науки. Сфаќајќи ги истражувањето и студирањето како два неразделни дела, студентите интензивно се поттикнуваат да учествуваат во истражување што, пак, резултира со одлични и високомотивирани дипломци. Фармацевтскиот факултет е признат на национално и на меѓународно ниво како научноистражувачки ориентирана образовна институција насочена кон развој и иновации.

**25. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ПО СПОРТ***:* Факултетот по спорт е водечка образовна, професионална и научно–истражувачка институција во областа на кинезиологијата и спортот во Словенија. Спроведува три додипломски програми и три магистерски програми (една во соработка со Економскиот факултет), како и една докторска програма. На ниво на додипломски студии, образува професионалци за работа надвор од училишните спортски активности како и за спортски програми во приватниот сектор. Исто така образува спортски тренери и други професионалци за физичка подготовка во спортски организации како и во туристички и превентивни здравствени програми.

**26. Универзитет во Љубљана ФАКУЛТЕТ ПО ВЕТЕРИНА:** Ветеринарниот факултет спроведува едноциклусни магистерски програми по Ветеринарна медицина со настава на словеначки јазик. Нема посебни ветеринарни курсеви организирани на странски јазик (англиски) за студентите однадвор. Студиите траат шест години и се состојат од вкупно 360 ECTS–кредити. Датумот на полагање на испитот по предметот Судска и државна ветеринарна медицина е датумот на дипломирање, при што студентот се стекнува со професионалното звање: доктор по ветеринарна медицина (ДВМ). Можни се постдипломски студии како дел од докторските дипломски програми по Биомедицина и Заштита на животна средина. Дипломците може да добијат дополнително професионално знаење со запишување во пет различни програми за напредна обука.



Фото: Alan Kosmač, Извор: www.slovenia.info

МАТУРАНТ

Се стремиме да бидеме една од врвните институции во Средна и во Источна Европа што придонесува кон развојот на напредно општество и пошироко социјална интеграција врз основа на принципите на етичка кохабитација, преку нашите интердисциплинарни и мултидисциплинарни програми, бројни цели и активности. Една од стратегиските ориентации на Универзитетот во Љубљана е соработката со регионот на Западен Балкан, а преку најразлични активности, одржуваме контакти и споделуваме знаење меѓу високообразовните институции во регионот. **Ректорскиот форум на Југоисточна Европа и Западен Балкан** го сочинуваат 31 реномирана институција од 8 држави од Западен Балкан и е воспоставен за промоција на образованието, истражувањето и иновациите за иднината во регионот на Југоисточна Европа и Западен Балкан, како и за зајакнување на односите меѓу универзитетите во областа и решавањето на значајни регионални и европски прашања.

За да придонесеме за развојот на студентите на најдобар можен начин, свесни сме колку се важни, покрај развојот на академскиот живот, најразновидните воннаставни активности и микродоказите така што во следниот период трудољубиво ќе работиме, колку што е можно повеќе, на збогатувањето на оваа веќе постоечка област од студентскиот живот. Нашата цел е да се погрижиме сите студенти да учествуваат активно во образованиот процес и да ја промовираме примената на когнитивните процеси од повисок ред, поврзани со стекнувањето на информации и способности потребни во дваесет и првиот век во повеќе студиски области. Една од нашите цели е и натамошната интернационализација. Се гордееме со сите наши меѓународни соработки, размени, како и со фактот дека сè поголем број на меѓународни студенти избираат да студираат на нашата институција.

Оттука, се надеваме дека ќе изградиме врски меѓу сите меѓународни студенти, сегашни и идни, ќе ги споделиме информациите за животот на меѓународните студенти во Словенија и на Универзитетот во Љубљана и ќе им покажеме на потенцијалните студенти како изгледа студирањето во рамките на нашата институција. Нашите меѓународни студентски амбасадори се мошне вклучени во нашите активности и се стремат да му обезбедат на секој заинтересиран студент точни информации за студирањето во Словенија при Универзитетот во Љубљана. Во таа насока, се радуваме што можеме да ви го претставиме »Chat with international students«. 15 меѓународни студентски амбасади овде се за да ви помогнат да ги решите сите сомнежи што би можеле да ги имате, да ви одговорат на сите ваши прашања поврзани со студиите во Словенија при Универзитетот во Љубљана и да ви бидат ваша поддршка за време на вашето патување.

Chat with international students

With international students about

Нашите меѓународни студентски амбасадори исто така учествуваат во една нова видеосерија »With international students about…« која има за цел да го претстави студирањето во Словенија и на Универзитетот во Љубљана. Во оваа серија, нашите меѓународни студентски амбасадори ќе одговараат на најразлични прашања вклучувајќи го прашањето зошто тие решиле да студираат во Словенија при Универзитетот во Љубљана, како изгледа да се студира овде, дали се соочиле со некакви предизвици, кои се придобивките од студирањето и уште многу други прашања.

Посетете ги нашите штандови на виртуелниот саем за образование „НА КОЈ ФАКУЛТЕТ ЌЕ ОДИШ?“, каде што се претставени сите членки на Универзитетот во Љубљана.

Видео за условите за упис, постапката на прием, дозвола (виза) за привремен престој и уште бројни други теми

Веб–страница на Универзитетот во Љубљана

Контактирајте нè на: study.info@uni-lj.si



Фото: IFP, d.o.o.



МАТУРАНТ

# Универзитет во Марибор

Univerza v Mariboru

STUDY IN SLOVENIA

## ПО ЗНАЕЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО МАРИБОР




Универзитетот во Марибор е **меѓународно етаблирана институција**, со речиси 50 години традиција. Ние сме вториот по големина и вториот најстар универзитет во Словенија. Во нашиот состав се **17 факултети** кои ги покриваат сите области на студии и се распоредени низ цела Словенија, што е исто така посебност на Универзитетот во Марибор. Голема поддршка на студиите даваат **Универзитетската библиотека во Марибор** и 13 факултетски библиотеки, кои заедно располагаат со повеќе од 1,7 милиони примероци на материјали. Од 2016 година, редовно сме вклучени во меѓународните рангирања на најпрестижни универзитети и сме меѓу 4–рите проценти на најдобри универзитети во светот. Досега сме потпишале билатерални договори Еразмус **со повеќе од 500 странски универзитети**, а можеме да се пофалиме и со признанието „Јаболко на квалитет 2020“ за успешната приказна во програмата Еразмус+. Многу посебно место има признанието со кое странските студенти го наградија Универзитетот во Марибор за просперитет на странските студенти на високообразовните институции, како и наградата „**Global Student Satisfaction Awards 2019**“ во категоријата „Overall Satisfaction“ на веб–порталот StudyPortals.

**Универзитетот во Марибор се состои од:**

**Факултет за економија и бизнис, Факултет за електротехника, компјутерски науки и информатика, Факултет за енергетика** (во Кршко, единица во Велење), **Факултет за гра-**

**дежништво, сообраќајно инженерство и архитектура, Факултет за хемија и хемиска технологија, Факултет за земјоделство и биосистемски науки** (простории има во обновениот замок Хомпош во селото Пивола недалеку од Марибор), **Факултет за логистика** (во Целје, вонредни студии во Љубљана), **Природно-математички факултет, Факултет за организациски науки** (во Крањ), **Факултет за безбедност** (во Љубљана), **Машински факултет, Факултет за здравствени науки,Филозофски факултет, Медицински факултет, Педагошки факултет, Правен факултет, Факултет за туризам** (во Брежице).

## Зошто да студирате на Универзитетот во Марибор?

Одлуката за студирање на Универзитетот во Марибор е вистинската одлука, бидејќи нуди **ПРОГРАМИ ЗА ДОДИПЛОМСКИ И ЗА ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ (QR-код)** и нивно изведување според кредитниот систем (ЕКТС). Секоја студиска програма овозможува интердисциплинарност како дел од најмалку 10% изборни предмети, што значи дека за време на студиите, можете да изберете од слободно изборни предмети на најразлични студиски програми како во Словенија, така и во странство.







## Студентски дом повеќе од само дом

Одлуката за избор на факултет е проследена со темелно разгледување, каде ќе бидете сместени за време на студиите. Предностите од престојот во еден од **студентските домови на Универзитетот во Марибор** се секако близината на факултетите, центарот на градот, Универзитетската библиотека во Марибор, спортските објекти и последно, но не и помалку важно, незаборавниот период од животот, кога се стекнуваат многу пријатели и социјални вештини во соживот со други состанари. За многумина студентскиот живот е еден од најубавите периоди во животот.



Студентските домови на Универзитетот во Марибор распоредени на **пет атрактивни локации во непосредна близина на факултетите и центарот на градот**, на студентите им нудат **2.748 кревети**.

**Врз основ на потпишан договор, студиите на прв и втор степен се БЕСПЛАТНИ за македонските студенти.**

За поедини студиски програми потребно е познавање на словенечки јазик на одредено ниво, како еден од условите за запишување. Некои студиски програми бараат исполнување на овој услов пред запишување прва студиска година, а некои пред запишување во повисока година на студирање. Уверенијата за познавање на словенечкиот јазик, треба да се доставаат во согласност со временската рамка на постапката за пријавување и прием. Информации за тоа кои студиски програми бараат исполнување на овој услов за упис, може да се добијат од тековниот оглас за упис на конкретната студиска програма.

**Пријавата за упис се поднесува на порталот eVŠ:**
**https://portal.evs.gov.si/prijava/?lang=en**.

Подетални инструкции за пријавата за упис, кандидатите можат да најдат на веб–страницата на Министерството за високо образование, наука и иновации на Република Словенија (https://www.gov.si/drzavni-organi/ministrstva/ministrstvo-za-visoko-solstvo-znanost-in-inovacije/) или во Високошколскиот пријавно–информативен центар на Универзитетот во Марибор (https://www.um.si/vpis/Strani/default.aspx), каде во поглавјето за **пријавување за странци од земји кои не се членки на ЕУ** можат да се најдат сите информации потребни за успешен упис:

**https://www.um.si/vpis/tujci/Strani/default.aspx**

## Студенти за Универзитетот во Марибор

**Нуша Лукинович**
*Медицински факултет, Општа медицина (2. степен)*



На Медицинскиот факултет се стекнав со многу знаења и непроценливо искуство, кои ќе ми користат не само во мојата понатамошна кариера во медицината, туку и во мојот приватен живот. Добив лична сила, доверба во себе и во своите способности. Во целост, задоволна сум од студиите. На Факултетот ни беше обезбедена сета потребна опрема и ни беше овозможено да учествуваме во научноистражувачката работа и во пониските години. Јас започнав со научноистражувачка работа на крајот на 4–та година и до крајот на моите студии напишав неколку стручни статии и присуствував на неколку конгреси.

**Нина Планишек**
*Факултет за електротехника, компјутерски науки и информатика (ФЕРИ), Медиумски комуникации (2. степен)*



Избрав факултет, кој ми понуди не само образование, туку и можност за раст, развој и незаборавни искуства. ФЕРИ за мене беше повеќе од само факултет; претставуваше своевиден лавиринт на можности, каде што секој чекор го доживував како предизвик за составување на сопствената приказна. Секој предмет, секој проект и секоја личност кои беа дел од ова патување, беа клучни делови, кои го усовршија самото искуство. Студиите ми беа најдобриот период од животот и исклучително сум благодарна што го избрав ФЕРИ, за кој повторно би се одлучила. Пред сѐ затоа што покрај професионалните содржини, научив и многу друго.

**Андреј Станишиќ**
*Правен факултет, Право (2. степен)*



Правниот факултет нуди многу можности за воннаставни активности, кои за жал почнав да ги користам дури во трета година, бидејќи претходно мислев дека немам доволно знаење, дека имам уште доволно време или едноставно не собрав доволно храброст да се пријавам. Сепак стекнав големо искуство, бидејќи за време на моето студирање учествував на два меѓународни правни натпревари, а на едниот, кој важи за еден од најпрестижните правни натпревари, со својот тим освоив и прво место во писмениот дел на натпреварот. Учествував и на словенечкиот правен натпревар Штудентска правда, на кој јас и мојот тим го освоивме првото место.

**Ана Лампрет**
*Филозофски факултет, Психологија (2. степен)*



Решив да студирам психологија уште во основно училиште, кога првпат добив книга за самопомош и увид во тоа што прават психолозите. Во средно училиште, оваа желба стана посилна кога имав можност да се запознаам со студиската програма по психологија на информативните денови. Одлучив да студирам психологија на Универзитетот во Марибор поради географската близина и препораката дека односите меѓу студентите и професорите се добри и дека програмата е попрактично ориентирана. Студирањето ми даде многу повеќе отколку само знаење од областа на психологијата. Тоа ми помогна за мојот личен раст, градење на мојот идентитет и поглед на светот, а исто така ми даде широк спектар на знаења од областа на природните и на општествените науки. Ме научи да размислувам критички.

**Маша Врачевич**
*Факултет за хемија и хемиска технологија, Хемиско инженерство (2. степен)*



Факултетот за хемија и хемиско инженерство може да се пофали со многу добро опремени лаборатории и одлични предавачи кои се многу достапни и имаат многу добра комуникација со студентите. Ова го припишувам и на тоа што нашиот факултет е помал по број на студенти, што ни овозможува подобро да се поврземе меѓу себе. За мене, кој доаѓам од далечно место, беше голем страв да се дојде во непознат град со непознати луѓе. Набрзо сфатив дека Марибор е одлично место за студенти, а луѓето се исто така пријателски расположени и слободоумни.

**Јака Хеџет**
*Природно-математички факултет, Математика (2. степен)*



За студиската програма по математика се одлучив пред сè поради мојата љубов кон самиот предмет. Бев свесен дека во денешно време е исто така важно да се изберат студии кои нудат добри можности за вработување, затоа бев многу среќен кога на информативниот ден дознав, дека математичкото образование е многу барано. Секоја година бев позадоволен од моите студии. Предавачите секогаш беа спремни да помогнат, ни даваа до знаење дека не ни се непријатели на патот до образованието, туку дека се тука да нè насочуваат.

**Следете нè на социјалните мрежи**

**Дополнителни информации за студирање на Универзитетот воМарибор можете да најдете на: moja.UM**



**Универзитет во Нова Горица - Република Словенија**

# Студентите како активни учесници во процесот на учење

Универзитетот во Нова Горица, кој се наоѓа на словеначко–италијанската граница, е интернационално ориентиран бутик универзитет со крајно индивидуален пристап кон своите ученици.

## Студиските програми и кампуси на Универзитетот

Универзитетот се состои од шест факултети и една академија кои нудат 7 додипломски, 9 мастер и 8 докторски студиски програми кои ги покриваат природните науки, инженерството, менаџментот, био–техничките науки, хуманитарните науки и уметноста.

**Листа на додипломски и магистерски студиски програми:**

| **Факултет/Академија** | **Студиска програма** | **Степен** |
|---|---|---|
| Факултет за природнонаучни студии | Животна средина | додипломски и магистерски |
| Факултет за инженерство и менаџмент | Инженерство и менаџмент | додипломски и магистерски |
| | Водење на отворено образование | магистерски |
| Факултет за природни науки | Физика и астрофизика | додипломски и магистерски |
| | Наука за материјалите | магистерски |
| Факултет за хуманистика | Културна историја | додипломски |
| | Словенистика | додипломски |
| | :<br>Хуманистички студии (насоки: Лингвистика, Литературни науки, Истории и култури на прекугранични простори) | магистерски |
| | Миграции и меѓукултурни односи (европска магистерска – Еразмус Мундус студиска програма) | магистерски |
| Академија за уметности | Дигитални уметности и практики (модули: Анимација, Филм, Фотографија, Нови медиуми) | додипломски |
| | Медиумски уметности и практики (модули: Анимација, Филм, Фотографија, Нови медиуми, Сценографски простори, Современи уметнички практики | магистерски |
| Факултет за лозарство и винарство | Лозарство и енологија | додипломски и магистерски |



Универзитетот има три кампуси во три града, кои се блиску еден до друг и се наоѓаат во прекрасната долина Випава, дел од Горишкиот Регион во западна Словенија, 1 час од Љубљана, 1,5 час од Венеција, 20 минути до морскиот брег.

Еден кампус се наоѓа во Нова Горица, на 200 метри од словеначко-италијанската граница. Во кампусот, кој е официјално седиште на универзитетот, се сместени Факултетот за хуманистика, Академијата за уметности и некои од докторските студиски програми.

Вториот кампус се наоѓа во Ајдовшчина и во него се сместени Факултетот за природни науки и бројни истражувачки лаборатории и центри. Во близина, во градот Випава, се наоѓа третиот кампус, кој се наоѓа во историскиот замок Лантиери. Со оглед на тоа што Випава е центар на винарството во регионот, тука е сместен и Факултетот за лозарство и винарство, но во истиот дворец се наоѓаат и Факултет за природнонаучни студии и Факултетот за инженерство и менаџмент.

Сите три града со кампусите се лесно достапни и се наоѓаат покрај автопатот што води од Венеција до Љубљана.




*Фото: Локациите на сите три кампуси на Универзитетот во Нова Горица*

## Индивидуален пристап, студирајте во мали групи

Бидејќи сме релативно мал универзитет со околу 500 студенти, познати сме по фактот дека имаме индивидуален пристап кон нашите студенти. Тие студираат во мали групи и студентот никогаш не е „само број“ на нашиот универзитет. Сите професори ќе го знаат вашето име, вашите таленти и потенцијали, и последователно ќе можат да ве водат во студентски проекти, практични позиции кои се најсоодветни за вас – па дури и да ве препорачаат на работодавец кои бара да понуди работа на дипломиран со специфични знаења или вештини.

Освен тоа, во мала студиска група, која во предавална е со вообичаено не повеќе од 20 студенти, студирањето е многу полесно и овозможува различни методи на настава, каде што студентите секогаш земаат активно учество во дискусиите, тие се охрабруваат да го кажат своето мислење, а исто така добиваат итна директна помош и повратна информација од професорите. Особено за меѓународните студенти, на кои на почетокот на студиите можеби им треба малку поголема поддршка, многу поволниот броен однос наставник – студент, е дефинитивно добредојден.



*Зад сцената: создавање на сценографијата на куклениот анимиран филм Beyond the face, 10 мин, 2024) - од авторката Ања Ресман, магистерски студент на Факултетот за уметности, УНГ Фото: Роберт Ресман*

## Активно учество на студентите во процесот на студирање

Самиот факт што студиските програми се практично ориентирани, бара од студентите активно да бидат вклучени во процесот на студирање. Повеќето од нашите студиски програми, исто така и на ниво на додипломски студии, имаат практични стажирања, работа на проекти, работа на терен, и др., преку кои студентите се стекнуваат со искуство, разни дополнителни меки вештини, како и со контакти со потенцијални работодавачи.

Во текот на процесот на студирање, и професорите ги поттикнуваат студентите активно да се вклучат во истражувачки и разни други студентски проекти. Универзитетот во Нова Горица е особено познат по своите најсовремени истражувачки достигнувања и нашата современа опрема за истражување е достапна на студентите кои сакаат да се вклучат во светот на науката. Една од најинтересните можности за студентите како да ја користат опремата за истражување е да учествуваат во некомерцијалниот едукативен астрофизички проект GoChile (https://gochile.si/). Преку овој проект студентите можат да учествуваат во бесплатни астрономски набљудувања на небото со далечинско управување со роботскиот телескоп GoChile во Чиле, Јужна Америка, кој таму беше инсталиран од Универзитетот во Нова Горица и соработничкото астрономско списание „Спика“.

Секој студент може да најде студентска истражувачка активност или проект за себе да се приклучи, и често студентите се платени и да работат на проекти. Таков пример е проектната шема INSPIRO – Иновативни студентски проекти во истражувачка средина. Студентите развиваа нивни сопствени истражувачки идеи преку изведување на тримесечен платен

МАТУРАНТ

истражувачки проект во една од лабораториите/истражувачките центри на Универзитетот во Нова Горица и под водство на искусен ментор – истражувач од Универзитетот. Друг интересен студентски проект кој моментално е во тек е проектот CUBOT, преку кој студентите по Инженерство и менаџмент го склопуваат и програмираат роботот CUBOT, кој ќе може, на пример, да ја реши Рубиковата коцка и ќе се користи на различни јавни настани, каде студентите на универзитетот ќе им ги демонстрираат различните технички и научни експерименти на децата, обидувајќи се да ги запознаат децата со различни професии и да ги инспирираат за наука и технологија.

Општо земено, универзитетот ги охрабрува студентите да добијат што е можно повеќе различни вештини и практики, така што повремено нуди и различни студентски работни места на универзитетот, така што ќе најдете студенти кои работат во нашите истражувачки лаборатории, административни канцеларии или работат на разни настани – промотивни едукативни саеми, јавни настани, конференции, уметнички изложби итн.



*Студенти по Инженерство и менаџмент го конструираат роботот CUBOT*
*Фото: Архива на Факултетот за менаџмент*

**Студирање без школарина, можности за стипендии**

Македонските државјани се ослободени од плаќање школарина за редовни додипломски и мастер студиски програми кои се кофинансирани од државата. Единствениот трошок е таканаречниот уписен трошок од 15 евра по академска година, кој ги покрива административните трошоци.

Секако не треба да се заборават уписен систем без приемни испити, критериумите за запишување на додипломски студии се засноваат на општото достигнување на матурата/завршниот испит од средното училиште и просечната оценка од трета и четврта година од средното образование. Само кандидатите за Академија за уметности треба да го положат таканаречениот тест за способност, но тоа може да га сторат онлајн преку интернет (CV, портфолио, интервју).

Исто така, секоја година Фондацијата на Универзитетот во Нова Горица нуди различни стипендии на своите студенти – стипендии за талентирани студенти, стипендии за избрани магистерски студии и стипендии за студенти спортисти. Всушност, нашиот универзитет е познат во Словенија и во странство како исклучително спортски пријателски универзитет. Има сè повеќе спортисти од различни земји кои одлучуваат да студираат на нашиот универзитет – од фудбалери, ракометари, одбојкари, тенисери до картинг–тркачи итн. Статусот студент спортист им дава многу предности, како што се приспособени и пофлексибилни начини на студирање, и стипендии за студенти спортисти.

**Меѓународни мобилности и летни школи**

Студентите можат да одат на меѓународни размени во странство за да студираат или за пракса. Бидејќи словенечкиот систем за високо образование е дел од Болоњскиот систем, кој е унифициран низ цела Европа, нема проблеми со препознавање на мобилност во странство и од друга страна, со признавање на дипломи стекнати во Словенија. Покрај најпознатата шема за мобилност, Еразмус+ и неговите класични индивидуални мобилности, постои и шема за студиска мобилност CEEPUS, и разни билатерални договори со универзитетите ширум светот, како и опции за двојна диплома со избрани универзитети во странство.

Летните школи се исто така пријатен и ефикасен начин за стекнување со ново знаење, искуство (и се разбира, нови пријатели) во странство. Универзитетот не само што ги охрабрува студентите да земат учество во летни школи насекаде во светот, туку организира и многу летни и есенски школи, исто така и во странство, во соработка со партнерските универзитети и во рамките на мрежата на универзитети ACROSS, од која е дел и нашиот универзитет. На пример, Универзитетот редовно организира летна школа за астрономија GoChile, летни школи во областа на хуманистичките науки, науките за животната средина итн.

Вашето факултет може да ве однесе и на одреден настан или активност во странство: додека студентите по Културна историја често ги истражуваат историските знаменитости во соседните земји, студентите на Лозарство и винарство патуваат за да ги видат винските визби и да учествуваат на саеми за вино во различни земји; студентите на Животна средина го мерат квалитетот на воздухот во различни земји, а студентите на Академијата за уметности ги изложуваат своите уметнички дела на меѓународни изложби и филмски или анимациски фестивали низ Европа.

**Како да аплицирате?**

Постапката на аплицирање е лесна и кандидатите се пријавуваат преку интернет, преку националниот онлајн систем за аплицирање, наречен eVŠ. Во роковите за аплицирање, тие треба да го пополнат формуларот за аплицирање преку интернет, а сите потребни документи да ги достават подоцна. Линкот до формуларот за аплицирање eVŠ е исто така на веб-страницата на Универзитетот, а нашата студентска канцеларија (studentska.pisarna@ung.si), доколку е потребно, може да им помогне на кандидатите да го пополнат формуларот.

Универзитетот во Нова Горица има три повици за аплицирање за граѓани од земји кои не се членки на ЕУ, плус последниот повик за пополнување слободни места. Првиот повик за аплицирање за додипломски студии беше од 20. февруари до 20. март 2024 година, вториот повик за аплицирање за додипломски студии е од 1. април до 1. јули 2024 година, третиот повик ќе биде од 1. август до 1. септември 2024 година и последниот повик за пополнување на слободни места од 10. до 25. септември 2024 година. Новина во запишувањето во академската 2024/2025 година е тоа што ќе имаме одбран број на места резервирани специјално за кандидати од регионот на Западни Балкан (земјите со кои Словенија има договори за ослободување од плаќање школарина). Но доколку има слободни места во ЕУ–квотите, студентите од земји кои не се членки на ЕУ, можат да ги превземат и тие места.

**Да ги започнете студиите на полесен начин**

Даваме сè од себе за да им помогнеме на нашите студенти да се чувствуваат добредојдени на нашиот универзитет и во локалната средина уште од првиот ден. Да бидеме прецизни – дури и пред нивното пристигнување во Словенија, како и пред почетокот на академската година, за нашите нови студенти, Универзитетот ги спроведува нашите бесплатни курсеви за повторување на материјалот од основните предмети како математика, физика или хемија, а на новите студенти им нуди и помош од

студенти тутори, кои можат да им дадат совети за различни прашања како што се: сместување, активности во слободно време, процедури за регистрирање во агенции за работа на студенти итн. Првата недела од октомври, кога започнува академската година, Универзитетот го организира и таканаречениот Ден за ориентација за новите студенти, каде што студентите ги посетуваат универзитетските кампуси, се вклучуваат во различни активности на Студентскиот совет, одат на тури со водичи низ градот, и се среќаваат со други студенти, со персоналот на Универзитетот, со претставниците на локалните студентски клубови итн.



*Активности на Студентскиот совет на Денот за ориентација за новите студенти, октомври 2023 година Фото: Вероника Пичинини*

Меѓународните студенти не треба да се грижат за нивните првични вештини по словенечки јазик – на нашиот универзитет од кандидатите не се бара да имаат претходно знаење на словенечкиот јазик, иако тоа секако е добредојдено.

Новиот Јазичен центар на Универзитетот нуди бесплатни курсеви по словенечки јазик за нив, и програма Leto+/Year+ за интензивно учење словенечки јазик. Во библиотеката на Универзитетот можете бесплатно да позајмувате материјали за учење јазик или да го надградите вашето знаење на словенечкиот јазик со проба на онлајн платформата SlovSTvo, развиена од нашите истражувачи. Покрај тоа, на многу испити можете да одговорите на англиски јазик, а професорите на меѓународните студенти ќе им дадат и алтернативна литература на англиски јазик.

Заедно со другите бенефиции за студентите: пристапни цени за сместување, студентски оброци кофинансирани од државата, можности за студентска работа и субвенциониран или дури и бесплатен локален градски превоз, Нова Горица е дефинитивно одлична дестинација за студирање, каде што секој студент од друг регион или од друга земја наскоро ќе се чувствува како дома.

**Текстот го подготви: Вероника Пичинини**

## Студентски сведоштва:



*Ангела Зорчец Фото: Архива на Ангела Зорчец*

Здраво, моето име е Ангела Зорчец и доаѓам од Скопје, Северна Македонија. Во моментов студирам на Факултетот за природни науки (студиска програма Физика и астрофизика) при Универзитетот во Нова Горица и со вас сакам да го споделам моето досегашно искуство за студирањето на овој универзитет. Една од многуте работи што е привлечна за овој факултет е малиот број на запишани студенти, што им овозможува на студентите да имаат одлична комуникација и интеракција со професорите и да се стекнат со блиски пријателства и соработка со останатите студенти. Понатака, овој факултет нуди одлична можност за запознавање со луѓе од целиот свет и запознавање со други култури и обичаи. Уште една предност на овој факултет е тоа што предавањата и испитите целосно се оддржуваат на англиски јазик, што претставува олеснителна околност за студентите кои добро го владеат англискиот јазик, но имаат слаби познавања од словенечкиот јазик. Но, и покрај тоа што наставата се одржува на англиски јазик, Универзитетот им нуди на студентите бесплатен курс по словенечки јазик. Покрај одличните предавања, Факултетот за природни науки е опремен со лабаратории со врвна опрема, што им нуди на студентите да се стекнат и со практично искуство. Секоја година студентите имаат лабараториски вежби кои што на студентите им овозможуваат примена на знаењето што го стекнале на предавањата и полесно совладување на материјалот. Студентите на овој Универзитет исто така имаат можност да учествуваат во Еразмус+ програмата за студентска мобилност на други факултети во Европа. На овој универзитет, често се организираат настани и работилници на кои може да се приклучат студентите и да добијат дополнителни кредити во своето досие. Уште една причина поради која се одлучив да се запишам на овој универзитет е тоа што студирањето во Словенија е целосно бесплатно за студентите од Северна Македонија. Доколку сте заинтересирани за студирање Физика и астрофизика или на некоја од бројните понудени студиски програми на Универзитетот во Нова Горица, јас ви препорачувам да ни се придружите и да станете студент на овој универзитет.

**Ангела Зорчец,**
студент на додипломската студиска програма Физика и астрофизика,Факултет за природни науки, Универзитет во Нова Горица



*Бобан Трајковски Фото: Архива на Бобан Трајковски*

Здраво! Веројатно не се познаваме, но јас сум Бобан Трајковски и потекнувам од малото рударско гратче Пробиштип. Веќе три години студирам на Факултетот за инженерство и менаџмент кој е дел од Универзитетот во Нова Горица. Седиштето на факултетот е во старата барокна палата „Лантиери“, која датира од 1659 година, и се наоѓа во древното гратче Випава.

Факултетот за инженерство и менаџмент не е само обичен факултет, туку е златна средина каде се спојуваат прецизноста на инженерството и софистицираноста на менаџментот. Како студент на овој факултет, ќе ги добиеш потребните менаџерски знаења за тоа како да водиш или успешно да придонесуваш во проекти на твоето работно место и со твоите технички вештини да ги поткрепиш и комплементираш за да постанат вистински.

Како најмоќна страна на Факултетот за инженерство и менаџмент, би ја истакнал задолжителната практична обука, која настапува во второт семестар во трета година. Преку практичната обука, за првпат ќе ги употребиш твоите теоретски знаења и вештини во практика. Исто така, со помош на Факултетот, ќе се научиш како да ги изразиш своите квалификации и вештини на начин кој ќе те издвои во процесот на аплицирање за работното место кое го сакаш во фирмата што ја посакуваш.

Што уште чекаш? Придружи се на овој уникатен факултет кој ти обезбедува многу можности за понатамошно градење на твојата кариера.

Бобан Трајковски,
студент на додипломски студии на Факултетот за инженерство и менаџмент на Универзитетот во Нова Горица

Универзитет на Приморска, Копер, Република Словенија

# Ги создаваме европските компетенции на 21 век и ги прошируваме можностите за кариера за нашите студенти



Универзитетот во Приморска, кој своето име го добил по регионот во кој се наоѓа, односно покрај море, е трет словенечки јавен универзитет и неодамна прослави 20 години од своето постоење. 23 проценти од нашите студенти се странски студенти и најголем дел од нив доаѓаат од земјите од Западен Балкан. Поради високиот процент на странци, нудиме многу програми на англиски јазик. На додипломските студии, тоа се:

– Антропологија
– Културно наследство
– Биоинформатика
– Компјутерски науки
– Математика
– Менаџмент
– Управување со туристичко претпријатие

Заедно со 9 други универзитети, ние сме дел од Европскиот универзитет Transform 4 Europe (Т4ЕУ) и формираме повеќејазичен кампус со заеднички студиски програми, курсеви, истражувачки проекти и настани на сите локации. На овој начин, ние ги создаваме европските компетенции на 21 век и ги прошируваме можностите за кариера за нашите студенти.

Посебна карактеристика на нашиот универзитет е библиотеката и фитнес–центарот, кои се отворени 24/7, а нашите студенти можат да влезат со студентска картичка.

Пријавите за новата академска година се веќе отворени, а повеќе информации можете да најдете на нашата веб–страница

https://www.upr.si/en/study--enrolment/660-undergraduate-bachelor-degree-study-programmes/

Вашите врсници, кои веќе се наши студенти, исто така ќе ви кажат зошто треба да учите кај нас.

## Студентски сведоштва:



**Антонела Трајкоска,**
студентка на Универзитетот на Приморска во Копер

Здраво на сите, јас сум Антонела Трајкоска, студентка на Универзитетот на Приморска во Копер. Додека сè уште бев во средно училиште одговорот на моето прашање: „Каде понатака?“, го најдов токму на УП ФВЗ на насоката Здравствена нега. Словенија отсекогаш ми била интересна, современа и уредена држава со образовен систем кој те поддржува да ги достигнеш своите цели и највисоки потенцијали, а воедно да ти го прошири хоризонтот од медицинската сфера.

Студирањето на УП ФВЗ покрај академското образование ми овозможи и работа на Гинеколошкиот оддел во Општата болница во Изола, која верувале или не е средиштето што ги поврзува Хрватска и Словенија на здравствено поле, а воедно и дел од нашиот универзитет.

ФВЗ располага со бројни простории од најсовремен тип, мојот најомилен дел се кабинетите за практично изучување каде што ги вежбаме нашите вештини, а во исто време се дружиме со колегите и споделуваме знаење. Ми се допаѓа тоа што сè што ти треба можеш да го добиеш со неколку клика онлајн, професорите се секогаш достапни за какви било прашања, а педагошкиот процес е едноставен и е скоро па целосно онлајн преку системот ВИС.

Секој момент, секој чекор што го правите, секое предавање, на сите страни каде и да се обратите можете да добиете помош особено во првите неколку месеци од транзициското период.

Сега кога конечно го гледам крајот на моето патешествие надвор од комфор–зоната и животното искуство, можам да потврдам дека Универзитетот на Приморска е вистинскиот избор за оние кои ги прифаќаат предизвиците и се стремат кон успех!




**Елена Спирова,**
апсолвент на Универзитетот во Приморска,
Факултет за математика, природни науки и информатика

Секој во својот живот има клучен момент, кој те насочува на оддреден пат, можеби засекогаш.

Тој момент за мене беше денот кога се оддлучив да студирам во Приморска, на Факултетот за математика, информатика и природни науки во сончевиот Копер.

Што го издвојува мојот алма матер од другите?

Како прво, Копер за мене и за многу други студенти е град на сонце, море, свежина, еден нов почеток. Но, терминот со кој го опишувам овој прекрасен крај не е само симболика. Лулката на писменоста, Универзитетот, е полн со безброј сродни души, како мене и тебе! Не само што се запознав со бистри истомисленици и брилијантни професори, кои се секогаш спремни да помогнат, туку исто така се запознав себеси.

Универзитетот нуди предавања од врвни стручњаци од областите на математиката, информатиката и природните науки од целиот свет. Навистина можам да кажам дека пред да ги наречам одлични научници, тие се прекрасни луѓе, со кои можеш да водиш разговор со часови. Ти создава слика дека, некој е тука да те потапка по рамо и да те охрабри на твојот пат до успехот.

Луѓето со кои се запознаваш додека си во странство, не се само твои пријатели, тие стануваат твоја фамилија. Секој од нас бил исплашен, но никогаш не бил сам. Универзитетот има безброј организации, многу од кои гордо сум дел, кои им помагаат на студентите да се

социјализираат, снајдат и едноставно да другаруваат. Тука навистина веруваме во „од студентите, за студентите“.

Една неизбежна работа која се случува кога ќе направиш одлука да студираш во странство е личната промена. Кога си опкружен со нови, непознати нешта, се буди посебен глас во секој од нас, кои не сме знаеле дека го имаме. Гледаме дека сме способни, истрајни и храбри.

Мислам дека студирањето настрана е во исто време најстрашното, но и најдоброто нешто за кое се имам одлучено.



**Ивана Димитрова,**
студентка во втора година на
Факултетот за менаџмент на Универзитетот на Приморска

Здраво! Моето име е Ивана, доаѓам од Кочани, Македонија. Студент сум во втора година на Факултетот за менаџмент на Универзитетот на Приморска. Можам да кажам дека во текот на средното образование сфатив дека сакам да студирам надвор од Македонија. Прво, затоа што сакав да се соочам со таков предизвик кој ќе ми помогне да се оформам како личност. Со тоа да ја променам средината, и да заминам од дома. Можеби звучи малку страшно, но стравот исчезнува во моментот кога ќе се уверите дека сте направиле добра одлука.

Јас ја одбрав Словенија, а посебно крајбрежјето затоа што нуди премногу можности за напредок. Овде имаат програма која мене ми одговара најмногу. Доста сум задоволна од целиот систем и од начинот на кој функционира речиси сè овде. Достапноста на професорите и на студентската служба е нешто што искрено не го очекував. Тоа навистина го олеснува целиот процес на студирање, кога можеш да се обратиш за каков било проблем или прашање, и навистина да добиеш одговор навреме. Мене јазикот не ми претставува преголем проблем бидејќи целата програма на Факултетот е на англиски јазик. Секако би било предност да се научи јазикот, за секојдневна комуникација. Сепак ако одберете програма на словенечки јазик, имате редовен курс, па брзо ќе го совладате.

Нешто што мене најмногу ми се допаѓа е тоа што има студенти од цела Европа. Тоа значи дека запознаваш луѓе со различни култури и искуства. Универзитетот нуди и голем број на програми за размена на студенти, и многу други кои помагаат да се надоградите. Постојат и студентски организации, гордо можам да кажам дека и јас сум дел од една, и кои со своите активности им помагаат на студентите полесно и побрзо да се вклопат и прилагодат на средината.

Ги охрабрувам сите кои имаат желба за меѓународно образование да тргнат по тој пат, да излезат од таканаречената комфор–зона и да го запознаат светот, а така и себеси. Европската диплома и многуте придобивки за себеосознавање и стекнување вештини низ разните степени на образование што ги нудат универзитетот и државата, сметам дека Словенија ја прави вистински и одличен избор.



**Силвана Шопоски,**
дипломиран математичар на Факултетот за математика, природно–математички и информациски технологии и студент на постдипломските студии на Факултетот за менаџмент на Универзитетот на Приморска

Јас сум Силвана Шопоски од Охрид. Веќе неколку години живеам и работам во Копер, Словенија. На Универзитетот во Приморска сум вработена од 2018 година и сум многу благодарна за сите можности што ми ги нуди Универзитетот за личен и кариерен развој.

Како вработена во Кабинетот  на ректорот, сведок сум дека раководството на УП прави исклучителни напори да ги поттикне вработените постојано да учат и кариерно да растат, што ме исполнува со самодоверба и мотивација. Благодарение на оваа поддршка, успешно ги завршив додипломските студии на Факултетот за математика, природно–математички и информа–

циски технологии – УП ФАМНИТ и моментално ги завршувам постдипломските студии на Факултетот за менаџмент – УП ФМ.

Знам дека сум на вистинскиот пат и се радувам на понатамошните можности за личен и професионален раст што ми ги нуди Универзитетот. Дефинитивно им препорачувам на моите колеги студенти да размислат за избор на Универзитетот во Приморска за нивно понатамошно образование. Универзитетот не само што нуди одлични студиски програми со врвни професори и истражувачи, нуди и исклучителна поддршка и можности за личен раст и развој.

Од прва рака искусив како ангажираната заедница на УП и опкружувањето за поддршка може да помогнат во постигнувањето на академските и кариерните цели.

Затоа, без сомнение, УП го препорачувам како одличен избор за оние кои сакаат богата студиска средина и можности за личен и професионален раст.

Горда сум што сум дел од тимот на УП.

Изберете мудро – одберете UP.



**Наталија Ташкова,**
студентка на трета година на Универзитетот на Приморска, Факултет за математика, природни науки и информациски технологии

Почитувани матуранти, задоволство ми е што имам можност да го споделам моето искуство како студент и некако да ви помогнам во донесувањето на една од вашите најголеми животни одлуки досега.

Вашиот живот значително се променува кога почнувате на факултет, особено ако тоа се случува во странска земја. Се сочувате со нова средина, нови луѓе и нови предизвици, а најдобро од сè, уживате во секоја секунда од тој процес.

Со оглед на тоа дека на Универзитетот на Приморска, македонските студенти се сè поприсутни, навикнувањето на новата средина не ми претставуваше никаков проблем. Одлучив да студирам на англиски јазик затоа што верувам дека тоа ќе ми донесе значителни придобивки во иднина. Моментално сум трета година од моите додипломски студии и сум благодарна за сите можности што ми ги пружа Факултетот. Една од тие беше Еразмус + размената во којашто учествував во 5. семестар од студиите. Заминав на размена во Прага на Карловиот универзитет кој е исто така еден од високорангираните во Европа и се здобив со уште едно вредно искуство во животот. Како дел од студиите имав прилика да земам учество во студентски проекти како и да бидам дел од 2 студентски организации од нашиот универзитет. Во организациите сум вклучена како волонтер и ме исполнува тоа што можам да помогнам и да придонесам во нивното функционирање и дело.

Животот во Словенија како држава ми се допаѓа, а Копер како еден од помирните градови е доста безбеден и компактен за живеење. За сите идни студенти кои планираат да ги продолжат своите студии овде во Словенија, мојата искрена препорака е да ги земете сите можности што ги имате и да уживате во нив.





Универзитет во Нова Горица - Република Словенија

# Факултет за хуманистички науки

STUDY IN SLOVENIA

# Истражувачка ориентација, индивидуален пристап и поблиска поврзаност меѓу студентите и професорите



**доц. др. Јасна Факин Бајец**

**раководител на катедрата за културна историја, предавач и научен истражувач од областа на културното наследство и етнологијата**

*Нашата цел всушност е, студентите не само да стекнат обемно знаење во нивните области, туку и да развијат способност да го применат тоа знаење во секојдневните околности, во заедницата во која што ќе живеат и создаваат*

**Ве молиме накусо да ни го претставите Факултетот за хуманистика во Нова Горица (ФХ УНГ), кога е основан, кои се студиските програми, како е организирана наставата?**

Факултетот за хуманистика на Универзитетот во Нова Горица (ФХ УНГ), е важна академска установа на словенечко–италијанската граница. Основана е во 2006 година и оттогаш значително ги ко–обликува хуманистичките науки во Словенија и пошироко. Нашата институција се одликува со богата палета на студиски програми, создадени на начин да им понудат на студентите сеопфатно и



интердисциплинарно образование за хуманистичките теми и проблеми.

На ниво на додипломски студии нудиме две студиски програми Културна историја и Словенистика. Програмата Културна историја им овозможу–




ва на студентите, да истражуваат важни историски периоди кои го создале денешниот свет, културите и општествено–политичките контексти, додека програмата Словенистика овозможува подлабоко разбирање на словенечкиот јазик, литература и култура. Двете програми се прилагодени, како за домашни, така и за странски студенти, дури и за оние кои не зборуваат словенечки, што овозможува широка достапност на нашето образование. Истовремено, ги дополнуваме и прилагодуваме програмите на современите потреби и на технолошко–комуникациските промени, како што се дигитализацијата, виртуелната реалност и социјалните медиуми.

Процесот на студирање е поделен на два семестра – зимски и летен, со систематична распределба на предавања, семинари и вежби, кои им овозможуваат на студентите, да полагаат испити и да ги исполнуваат другите студентски обврски во текот на целата година. Ставаме голем акцент на развојот на академските вештини како што се критичко мислење, аналитичко истражување и академско пишување, што се огледува и на фокусот во подготовката на семинарски работи.

За оние кои сакаат да го продолжат своето образование, нудиме магистерски студиски програми, кои служат како продолжение и продлабочување на додипломските студии. Магистерската програма Хуманистички студии е поделена на три насоки: Историја и култура на прекугранични подрачја, Литературни науки и Лингвистика. Секоја насока им нуди можност на студентите, да навлезат подлабоко во избраната област, со поголем акцент на самостојната истражувачка работа.

На ФХ УНГ имаме за цел да ги едуцираме студентите, кои подоцна ќе бидат способни за критичко размислување, интердисциплинарно поврзување и активно учество во академската и пошироката средина. Нашата цел всушност е, студентите не само да стекнат обемно знаење во нивните области, туку и да развијат способност да го применат тоа знаење во секојдневието, во заедницата во која што ќе живеат и создаваат. Затоа нашите педагошки методи се создадени со цел, да поттикнат активно учење и истражување, со што сакаме да придонесеме во развојот на одговорни, свесни и креативни личности.

**Кои се предностите на студирање на ФХ УНГ, по што е тој препознатлив?**




Студирањето на ФХ УНГ се одликува со многу предности, кои го прават образованието посебно и привлечно за студентите. Една од главните предности секако е малата големина на факултетот, што овозможува индивидуален пристап и поблиска поврзаност меѓу студентите и професорите. Оваа интимност поттикнува повеќе лична образовна средина, каде може да се посвети поголемо внимание на студентот, да се препознаат неговите желби, предизвици, интереси и со тоа да полесно да биде подржан во текот на целиот процес на студирање.

Додатно, ФХ УНГ е познат по својата истражувачка ориентација. Вклучувањето на предавачите во различни истражувачки проекти им овозможува на студентите да стекнат практично искуство уште на почетокот на нивната академска кариера, да научат методи на истражување и да бидат активно вклучени во создавањето на нови знаења. Овој пристап го збогатува студиското искуство и им овозможува на студентите да ги развијат клучните компетенции што ќе им бидат потребни во нивната идна кариера.

Покрај тоа, географската локација на факулте–

тот, кој се наоѓа на меѓугранична област, е извонредна можност за меѓукултурна размена и истражување во живо. Оваа единствена положба го поттикнува мешањето на различни култури, јазици и традиции, што го збогатува студискиот материјал и нуди подлабок увид во социјалната динамика на мултикултурните и прекуграничните простори. Граничниот статус на факултетот придонесува за тоа, студирањето на ФХ УНГ да не е само академско образование, туку и живо искуство на меѓукултурни односи и разбирање на различностите, што е особено важно во современиот глобализиран свет.

Поради тоа студентите добиваат уникатно образовно искуство, кое ги поттикнува кон размислување надвор од рамката, кон развој на емпатија и разбирање на сложеноста на човековите општества. Ова создава широк спектар на можности за нивниот личен и професионален развој, ги подготвува за работа во различни меѓународни средини и ги оспособува за решавање предизвици од мултикултурен контекст.

**Која е мисијата и визијата на ФХ УНГ?**

Мисијата и визијата на ФХ УНГ е насочена на надминување на границите во најширока смисла на зборот. „Да застанеш на границата и да мислиш понатака" ја одразува длабоката посветеност на факултетот за надминување на традиционалните академски, културни, национални, социјални, општествено–политички и еколошки граници. ФХ УНГ не е само посветен на истражување и разбирање на овие граници, туку исто така го поттикнува критичкото размислување и потрагата по нови, иновативни пристапи за нивно надминување.

Граничните простори, познати по нивното уникатно испреплетување на култури, јазици и традиции, служат како жива лабораторија каде што се среќаваат различни идентитети и перспективи. Со ова факултетот се фокусира на истражување и разбирање на сложеноста на овие простори, со цел да придонесе за подобри меѓународни дијалози и заеднички живот.

**Кои се идните развојни планови на ФХ УНГ?**

Идните развојни планови се фокусираат на одржувањето на актуелноста и релевантноста во динамичната академска и општествена средина. Свесни сме за важноста на следењето на современите истражувачки насоки и предизвици, затоа имаме намера да продолжиме да ги вклучуваме најновите научни достигнувања и трендови во нашите образовни програми. Предавачите, активно вклучени во различни национални и меѓународни проекти, носат свежи перспективи и знаења кои им овозможуваат на студентите, да се сретнат со актуелни теми и да ги анализираат во поширок историски и општествен контекст.

Нашата цел е да ја зајакнеме понатомошната интеграција на интердисциплинарноста во наставната програма, што ќе им овозможи на студентите да имаат целосно разбирање на сложените опш-




тествени феномени. Планираме и проширување на соработката со други универзитети и истражувачки институции, што ќе ги зголеми можностите за меѓународна размена и заеднички истражувачки проекти.

Во светлото на брзите општествени и технолошки промени, се стремиме да ја зголемиме дигиталната писменост кај студентите и да ги вклучиме новите технологии во педагошкиот процес. Ова подразбира употреба на дигитални алатки и платформи за поддршка на учењето и развој на нови форми на виртуелна мобилност.

Посветени сме на унапредувањето на студиското искуство и обезбедувањето на подобри услови за нашите додипломци, и не само што стекнуваат темелно знаење и вештини во својата област, туку се и подготвени за предизвиците и можностите што ги носи иднината. Нашата визија е да создадеме отворени, критички мислители и општествено одговорни поединци кои ќе придонесат за развој на поразбирливо и поповрзано општество.

**Каква е соработката на ФХ УНГ со други високообразовни институции и со бизнис заедницата, во што се состои и како се реализира?**

Соработката на ФХ УНГ со други високошколски институции и бизнис секторот е динамична и составена од повеќе слоеви. Соработуваме со универзитети, како што се Универзитетот во Трст, Видмо, Венеција и Клагенфурт, а вклучени сме и во мрежата Across, која ги обединува универзитетите низ Европа и овозможува размена на знаења, заеднички истражувачки проекти и организација

на настани. Настани како што е на пример фестивалот Ретинкабле, кој се фокусира на еколошки и други локални предизвици, настани кои нудат платформа за меѓуинституцијална соработка и разговори со пошироката заедница.

Соработката со бизнис секторот и месните заедници е исто така од клучно значење. Преку задолжителна практична обука во трета година од студиската програма Културна историја, студентите стекнуваат практично искуство во јавните установи кои работат од областа на културата, историјата, туризмот и културното наследство. Оваа соработка им овозможува на студентите да ги применат своите академски вештини во практични услови, воедно и да придонесуваат во соработката со овие организации.




Наставните предмети, како што се Културен туризам и Креативна индустрија, дополнително ја зајакнуваат врската помеѓу академскиот свет и индустријата, со запознавање на студентите со учесниците во туризмот во регионот, и ги охрабруваат да размислуваат критички за маркетингот на културата во современиот дигитален свет. Ваквиот интегриран пристап не само што им овозможува на студентите да ги разберат теоретските концепти во реални контексти, туку исто така ја поттикнува соработката помеѓу академскиот сектор и индустријата, што води до иновации и нови можности за двете страни.

Со овој повеќестран пристап кон соработката, ФХ УНГ ја зајакнува својата улога како мост помеѓу академскиот свет, бизнис секторот и локалните заедници, придонесувајќи за подобро разбирање и решавање на современите општествени предизвици.

**Колку места се предвидени за студенти од Македонија, кои се условите за упис и кога се уписите?**

Условите за запишување вклучуваат завршено средно образование и матура. Иако бројот на места е ограничен, досега не сме имале ситуација да треба да се ограничат уписите, затоа сите заинтересирани кандидати се добредојдени. Имајќи предвид дека условите и роковите за упис може да се променат, за најнови информации за постапките за упис и роковите за пријавување, најдобро е да ја посетите официјалната веб–страница на Факултетот или директно да ја контактирате студентската канцеларија. На овој начин ќе ги добиете најточните и најнови информации за можностите за студирање и процесот на аплицирање.

**Дали редовните додипломски и постдипломски студии на ФХ УНГ се бесплатни за македонските студенти?**

Да, за македонските студенти кои се одлучиле за додипломски или постдипломски студии на Факултетот за хуманистика на Универзитетот во Нова Горица, студиите се без школарина. Единствениот трошок што студентите го покриваат е уписнината, која ги покрива административните трошоци за упис. Тоа значи дека образовните програми се достапни и финансиски поволни за студентите од Македонија, што дава одлична можност за квалитетно студирање во странство.

За подетални информации за процедурите за упис, конкретните услови и можните промени, се препорачува да ја посетите официјалната веб–страница на Факултетот за хуманистика на Универзитетот во Нова Горица, или директно да ја контактирате нивната служба за студентски прашања. Таму можете да ги добиете најновите и најточните информации кои ќе ви помогнат да ги планирате вашите студии. Ви препорачувам да не заследите на социјалните мрежи, особено на Фејсбук, Инстаграм и ТикТок.

**Која е вашата порака и совет за македонските матуранти и студенти?**

Мојот совет и препорака за македонските матуранти и идни студенти, се да ги искористат можностите што ви ги нуди студирањето во странство, особено на нашиот Факултет. Не плашете се да излезете од вашата комфорт зона и да истражете нови средини, бидејќи тоа е од непроценливо значење за личен и академски развој. Нашата култура и јазик се слични на многу начини, што го олеснува прилагодувањето и ви овозможува брзо да се почувствувате како дома.

На факултетот се залагаме да ги поддржиме сите студенти, особено оние кои доаѓаат од странство. Ги разбираме предизвиците со кои може да се соочите, и тука сме да ви помогнеме да ги надминете вашите стравови и пречки. Македонските студенти кои решиле да студираат кај нас, досега имале позитивни искуства и успешно стекнале знаења, вештини и компетенции кои се важни за нивната иднина. Студирањето на ФХ УНГ ќе ви ја отвори вратата на поширокиот европски простор, бидејќи дипломата добиена овде е признаена низ цела Европа. Ова ќе ви овозможи да ги искористите многуте можности за понатамошно образование или вработување, по завршување на студиите. Бидете храбри, следете ги вашите соништа и дозволете си да растете во меѓународна, стимулирачка и поддржувачка средина што ја нуди Факултетот за хуманистика на Универзитетот во Нова Горица.


STUDY AT TECHNISCHE UNIVERSITÄT BERGAKADEMIE FREIBERG –
The University of Resources in Germany!
TU BERGAKADEMIE FREIBERG
WE OFFER A GREAT VARIETY OF BACHELOR'S AND MASTER'S DEGREE PROGRAMS IN GERMAN AND ENGLISH IN THE FOLLOWING AREAS:
• Mathematics, Computer Science and Natural Sciences – e.g. Applied Computer Sciences (Ba, Ma), Chemistry (Ba, Ma)
• Earth Sciences – e.g. Geology / Mineralogy (Ba), Geosciences (Ma)
• Engineering Sciences – e.g. Additive Manufacturing (Ba, Ma), Process Engineering and Chemical Engineering (Ma), Materials Science and Technology (Ba, Ma)
• Economics – e.g. International Business and Resources in Emerging Markets (MBA)
YOU WILL FIND IDEAL STUDY CONDITIONS:
No tuition fee • Affordable accommodation and living costs
Excellent research infrastructure • Short distances
FREIBERG
Find out more at tu-freiberg.de
or find us on Facebook, Instagram, Youtube, X or LinkedIn
@TU_Bergakademie_Freiberg


Double Master's degree
in
HUMANITIES STUDIES – track LINGUISTICS
University of Nova Gorica, Slovenia
AND
LANGUAGE SCIENCES
Ca' Foscari University of Venice, Italy
Università Ca'Foscari Venezia

Универзитет во Љубљана

## Машински факултет

Univerza v Ljubljani
Fakulteta za strojništvo

FS UNIVERZA V LJUBLJANI
Fakulteta za strojništvo

STUDY IN SLOVENIA

### Инженерка на годината 2023
### Љупка Вртева

# Многу пати велам дека Машинскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, е мојот прв дом

**По завршувањето на средното образование во Северна Македонија, Љупка Вртева го продолжи своето образование во Словенија - поточно на Машинскиот факултет при Универзитетот во Љубљана. Таа денес е вработена во водечката словенечка енергетска компанија Петрол, а оваа година ја доби и ласкавата титула Инженерка на годината 2023. Во интервјуто ни се довери како се сеќава на своите студиски години во Љубљана, што ѝ значи наградата што ја добила, и со какви предизвици во моментот се соочува на својот кариерен пат.**



*Љупка Вртева (Фото: Андреј Криж)*





МАТУРАНТ

**По завршувањето на средното образование во Северна Македонија, патот Ве доведе на студии по машинство на Машинскиот факултет во Љубљана. Кажете ни, какви се Вашите чувства сега, кога повторно сте во просториите на Вашиот поранешен факултет? Дали имате убави студентски спомени?**

Честопати велам дека Машинскиот факултет е мојот прв дом, бидејќи откако се преселив од Северна Македонија во Словенија, навистина ми стана тоа. Тука ги запознав моите сегашни пријатели, научив како функционира образовниот систем и државата воопшто. Факултетот ми даде навистина многу – стручно знаење и можеби животна лекција.

**Како започнавте истовремено да учите и словенечки и стручни предмети на Факултетот? Претпоставувам дека тоа за Вас било значителен предизвик, особено што самото студирање не се смета за најлесно.**

Мојата приказна е доста интересна. Кога дојдов во Словенија веднаш по завршувањето на средното училиште во Северна Македонија, воопшто не разбирав словенечки. Се сеќавам дека седев во предавалната V/8 и на почетокот разбрав само кога професорот нè поздрави наутро и кога рече „Довидување!“ на крајот од предавањето. Меѓутоа, кога сега се сеќавам на моите студентски години, ништо никогаш не ми беше премногу тешко или премногу напорно. Имав јасно поставена цел, да станам машински инженер, која решително ја следев. Се разбира, ќе беше многу потешко да немав такви пријатели, асистенти и професори, кои многупати ми доаѓаа на помош.

**Во Вашиот магистерски труд се занимававте со прашања за циркулација на воздухот и вентилација. Дали од самиот почеток на Вашите студии чувствувавте дека еден ден ќе влезете во енергетските води? Што беше тоа што најмногу Ве привлече кон енергетиката?**

На почетокот кога почнав да студирам имав тивка желба да се насочам кон воздухопловството, но подоцна се одлучив за енергетиката. Би можела да кажам дека го имав тоа некаде во себе, уште од детството. Дома, во Северна Македонија, имавме некое неискористено земјиште и кога моите родители разговараа што да прават со него, јас како мало девојче им предложив, да postават ветерница и да произведуваат струја и да го снабдуваат целото село со неа (се смее). Не знам, можеби оваа желба или пат отсекогаш била исцртана некаде во мене.

**Дали веднаш по завршувањето на студиите се вработивте или на некој друг начин го дополнивте и подобривте Вашето знаење?**

Кон крајот на магистерските студии, добив можност и се вработив во Петрол како студент. По успешното завршување на магистерските студии, решив да останам во компанијата.

Се разбира, магистерската диплома сама по себе не е доволна, бидејќи пазарот и светот забрзано се развиваат и ако сакате да останете конкурентни, треба постојано да се едуцирате и да го подобрувате вашето знаење. Затоа во меѓувреме положив и испит за енергетски менаџер, а во моментов се подготвувам за испит за овластена инженерка – проектантка.

**Со какви предизвици во Вашата работа се соочувате во моментот?**

Моментално работам на димензионирање на системи за греење, вентилација и ладење на згради и истовремено раководам и со проекти за соларни електрани. Мојата работа е исклучително динамична и разновидна – работам на терен и во канцеларија, присуствувам на разни конференции и обуки.




***Љупка Вртева на доделување на титулата инженерка на годината 2023 (Фото: Андреј Криж)***

Сфатив дека канцелариската работа од седум до три не е за мене и морам да кажам, дека сегашното подрачје на работа ми е запишано на кожата.

МАТУРАНТ

**Што опфаќа Вашата работа како раководител на проекти за соларни електрани?**

Проектите за соларни електрани ги преземав минатата година како предизвик. Во основа, јас сум врската помеѓу клиентот, проектантите и другите учесници во самиот процес, за да се реализира проектот во одреден временски период.



**Неодамна видов, дека сте автор и на единствената компјутерска програма од областа на механичката вентилација. Ќе ни кажете ли, што овозможува таа програма? Каде може да се користи или веќе се користи во пракса?**

Таа програма настана кога се вработив во Петрол како студент. Штом бев вклучена во самите процеси, видов можност, да направам нешто за компанијата, за мојот магистерски труд и за Машинскиот факултет. Уште тогаш почнав да развивам прототип на компјутерска програма која овозможува предвидување на топлинската енергија при догревање на воздухот при механичката вентилација на зградите. Програмата е единствената на пазарот која е заснована на важечките регулативи и стандарди кои се во сила во Словенија и овозможува пресметка врз основ на часовната метода. Ја користиме во Петрол од кога ја создадов, но бидејќи програмата е јавна, ја користат и други инженери, за што сум исклучително среќна и горда.

**Каков е Вашиот однос или мислење за обновливите извори на енергија?**

Мислам дека, кога правиме некоја иновација која придонесува за заштеда на енергија, единствено правилно е, да ја споделиме иновацијата или сознанието со другите и така да направиме нешто добро за животната средина. Јас сум голем поддржувач на обновливите извори на енергија, но мислам дека во прв ред, поважно е на кој начин ја користиме енергијата. Се залагам за долготраење на користењето на природните ресурси и важно ми е да се грижам за животната средина: купувам веќе носена облека, внимавам да не ги отворам прозорците на кипување, бидејќи на овој начин само ја исфрлам топлината додека воздухот во просторијата не се заменува, а секако користам јавен превоз и велосипед.

**Што значи за Вас титулата инженерка на годината? Знаеме дека во самата селекција беа вклучени 37 инженерки, а потоа комисијата Ве избра од десетте финалистки.**

Пред сè, титулата ми значи дека некој го препознал мојот потенцијал, дека го цени мојот труд, истрајност и знаење. Исклучително сум среќна, што добив можност да го искажам своето мислење и да можам да го споделам својот поглед на општеството. Второ, титулата ми е важна затоа што можам да им покажам на младите девојки и жени дека, сè е можно, доколку нивната желба е доволно голема.

**Велите дека нема женски и машки професии. Сепак, во Вашата кариера во енергетиката или во машинството, дали некогаш се случило да сте се соочиле со проблеми или пречки кои би можеле да бидат поврзани со Вашиот пол?**

Тоа никогаш не го забележав за време на моите студии. По вработувањето и за време на работата, повремено наидував на поединци кои гледаат на самиот пол, а не на способностите. Мислам дека тука и сега, ние ја носиме одговорноста и влијаеме на младите и им објаснуваме дека, нема женска и машка професија, туку важно е колку се компетентни луѓето кои вршат одредена работа и какво знаење имаат. Знаењето е водич и има суштинско значење. Но, факт е дека има значително помалку жени од мажи во областа на машинството, па затоа сакам да ги мотивирам жените и да им влеам доверба.

**Би сакале ли да им се обратите на сите девојки, кои гледаат кон кариерата во областа на машинското инженерство, но не се осмелуваат да го направат првиот чекор?**

Би се базирала на сопствениот рецепт. Девојки, бидете свои, бидете различни – секоја е способна и може, секоја има крилја, само мора да полета.

Универзитет во Љубљана

University of Ljubljana Faculty of Chemistry and Chemical Technology

## Факултет за хемија и хемиска технологија

STUDY IN SLOVENIA

FKKT UNIVERSITY OF LJUBLJANA Faculty of Chemistry and Chemical Technology

# Студиска програма Техничка безбедност: Перспективни студии и добри можности за работа

Технолошкиот развој на современото општество носи нови можности за напредок, но создава и нови ризици. Се зголемуваат концентрациите на луѓе, опасни хемикалии, енергија, информации и други важни фактори, поради што последиците од несреќите можат да бидат значително полоши отколку што биле во минатото. Техничката безбедност се занимава со оваа област, која вклучува заштита при работа, процесна и противпожарна заштита, како и заштита на животната средина. Доколку те интересира каква е работата на инженерите за техничка безбедност и зошто ова е многу ветувачка професија, прочитај понатаму.

UL | FKKT

**Што работат инженерите за безбедност?**

Живееме во време на брз напредок и постојана употреба на нови процедури, материјали,



алатки и супстанции, кои носат нови ризици за работните процеси. Зголемено е и воведувањето на дигитализација и роботизација. Инженери-



те за техничка безбедност се занимаваат со **препознавање на опасностите и одредување мерки за безбедна и здрава работна средина.** Со обезбедување на соодветна работна средина, тие можат да спречат болести или несреќи кои произлегуваат од условите на работното место. На тој начин тие значително придонесуваат за намалување на отсуствата и долгорочните боледувања, што е во интерес и на компаниите и на државата.




**Студиска програма Техничка безбедност**

Во Словенија од 2009 година, постои



универзитетска студиска програма Техничка безбедност, која се спроведува на Факултетот за хемија и хемиска технологија во Љубљана (UL FKKT). Програмата е единствена во светот поради својата интердисциплинарност – обединува **професионална, процесна и противпожарна заштита, како и заштита на животната средина**. Од 2011 година студентите можат да одлучат да ги продолжат студиите на магистерската студиска програма по Техничка безбедност. Содржината на студиите го поврзува теоретското знаење со практични искуства, што им овозможува на студентите уште во текот на студиите, да се сретнат со вистински предизвици во индустриската пракса.

**Недостаток на инженери за техничка безбедност**

Според некои проценки, моментално во Словенија има недостиг од околу 600 инженери за техничка безбедност. Секој правен субјект во државата (фирми, образовни установи и други институции) мора согласно со закон да обезбеди безбедна и здрава работа и заштита од пожари.

Тоа претставува добра можност за дипломираните студенти на студиската програма Техничка безбедност, со своето знаење, искуство и вештини, **да придонесуваат за подобрување на безбедноста и ефикасноста во различни сектори на општеството**.

Перспективата за вработување е широка и разновидна, бидејќи дипломираните студенти се вработуваат во мали, средни и големи компании, како што се Крка, Новартис, СИЈ Акрони Јесенице, Хела, Телеком на Словенија, Акрапович, Љубљанска млекарница, Бети: Текстилна индустрија, како и во државната управа, инспекциските служби, професионалните противпожарни бригади и на други места.

**Каков е работниот ден на инженерите за техничка безбедност?**

Работните денови на стручните лица во областа на безбедноста и здравјето се многу разновидни. Секој ден носи нови задачи, кои вообичаено се планирани, но обврските може да се променат доколку се случи незгода. За да се подигне нивото на безбедносна култура на секое

МАТУРАНТ



работно место, неопходна е директна соработка со раководството, секојдневна комуникација со вклучените во процесот на работа и конструктивна соработка со овластен лекар по медицина на трудот. Една од типичните задачи на инженерот за техничка безбедност е анализа на несакани, незгодни настани и одредување мерки за спречување на појава или последици од такви или од слични несреќи. Само постојаното професионално оспособување овозможува квалитетно извршување на работата и на задачите.

Повеќе информации за студиската програма Техничка безбедност се достапни на:

https://bit.ly/495mbLY

**Можете да нè следите на:**
TikTok: @Ziher.je.Ziher
Facebook: Univerzitetni in magistrski študijski program Tehniška varnost na UL FKKT
Instagram: Univerzitetni_in_magistrski_študijski_program_Tehniška_varnost
Youtube: https://www.youtube.com/@fakultetazakemijoinkemijsk2322



### На Техничкиот универзитет - Софија се одржа изложбата на работодавачи „Практики 2024“

# Врските со бизнисот и идната кариера на студентите, основна задача на раководството на Техничкиот универзитет - Софија

Со огромен интерес од страна на компаниите и студентите, се одржа 12–тото издание на изложбата на работодавачи „Практики 2024“. Настанот беше отворен од ректорот на ТУ – Софија, проф. д–р инж. Иван Кралов, во присуство на проф. д–р инж. Лидија Галабова, заменик–ректор за меѓународна дејност и интеграција, проф. д–р Георги Венков заменик–ректор за учебна дејност, акредитација и академски кадар и Илија Даракчиев, претседател на Студентскиот совет на ТУ – Софија.

Над 150 бугарски и светски реномирани компании, учествуваа на форумот во Софија и на форумот одржан во филијалата на ТУ во Пловдив.

Какво е значењето на овие форуми за студентите, какви пракси нудат компаниите и каква е иднината на младите инженери?

Проф. Кралов изјави дека изложбата „Пра–






МАТУРАНТ



ктики“ е традиционален форум, на кој работодавачите се среќаваат со студентите и го пронаоѓаат својот иден кадар. Претставниците на бизнисот активно учествуваат во наставниот процес преку предавања, задаваат предметни и дипломски работи, студии на случај и проекти. На овој начин обуката се прилагодува на барањата на бизнисот и студентите имаат можност да се стекнат со практични знаења и ве-



штини, предуслов за успешна професионална реализација, истакна проф. Кралов.

Во својот поздравен говор, проф. Галабова истакна дека изложбата „Практики“ е значаен и важен настан, бидејќи на студентите им дава можност да се запознаат со своите идни работодавачи, да разберат што им претстои во пракса и да се уверат, дека знаењето и вештините добиени во ТУ – Софија, им гарантираат успешна професионална кариера. Учесници на форумот годинава се повеќе од 100 компании, од кои 30% се странски, доказ за плодното партнерство на ТУ – Софија со бизнисот, кој тука ги наоѓа најсоодветните и високо квалификувани специјалисти, рече проф. Галабова.

Во името на Студентскиот совет, Илија Даракчиев ги повика студентите да ги искористат можностите на форумот „Практики 2024“ за но-



ви контакти со работодавачите и наоѓање на соодветни позиции за професионална пракса, и што е најважно, за стекнување искуство во вистинска работна средина. Изложбата што ја организира Техничкиот универзитет – Софија, е широко отворена врата за нашиот иден кариерен развој, додаде тој.



Изложбата предизвика голем интерес кај студентите, кои во текот на целиот ден водеа плодни разговори на штандовите на компаниите лоцирани во првиот, вториот и дванаесеттиот учебен блок на Универзитетот.

Форумот „Практики 2024“ продолжи следниот ден во филијалата на Техничкиот универзитет – Софија во Пловдив со учество на над 50 компании.

МАТУРАНТ







Директорот на пловдивската филијала на Техничкиот универзитет во Софија, доц. Никола Шакев, ги поздрави учесниците на форумот „Практики 2024“ и рече дека овој формат уште повеќе ќе се развива, нивото на комуникација меѓу различните компании и студентите ќе расте, бидејќи користа е обострана. „На студентите им е потребна вашата поддршка, а овој форум покажува дека соработката и помошта што ја обезбедувате за нивната идна кариера, е важен чекор во нивниот професионален развој и довербата во образованието што ја обезбедува Техничкиот универзитет – Софија и што е најважно, им дава самодоверба, сигурност и професионални навики на идните инженери и специјалисти“.

Проф. Галабова се обрати и до компаниите кои учествуваа и рече дека масовното учество на оваа изложба е голема радост за Техничкиот универзитет – Софија, бидејќи е доказ за плодната, долгогодишна соработка и успешното партнерство меѓу универзитетот и бизнисот. „За време на овие форуми, вие, претставниците на бизнисот можете да ги оценувате и изберете вашите идни, успешни кадри. А тоа е признание за добрата подготовка на студентите од Техничкиот универзитет – Софија“.

Ние успеваме!

Стани инженер на иднината!



# ТЕХНИЧКИ УНИВЕРЗИТЕТ - ВАРНА

ТЕХНИЧЕСКИ УНИВЕРСИТЕТ ВАРНА
Technical University of Varna

## *Техничкиот универзитет - Варна нуди обука во Подготвителен курс*

Техничкиот универзитет – Варна обезбедува едукација на пазарно ориентирани, висококвалификувани инженери и други специјалисти од сите образовно–квалификациски и научни степени за потребите на бугарската и светската економија во областа на:

- бродоградба, бродски превоз и ремонт на бродови;
- машинство и машински технологии;
- транспортна, автомобилска и земјоделска техника и технологии;
- електротехника, електроника, автоматика и мехатроника;
- комуникациска и компјутерска техника и технологии, софтверско инженерство, сајбер безбедност и вештачка интелигенција;
- електроенергетика, топлотехника, електроснабдување и електро опрема;
- индустриски менаџмент, дизајн и технолошко претприемништво;
- екологија, техника и технологии за заштита на животната средина и морето, заштита на населението од катастрофи и несреќи;
- општествени активности и социјално претприемништво;
- растително производство, семепроизводство и заштита на растенија.






**Универзитетот нуди студии на:**

➢ 31 додипломски програми, од кои 17 и на англиски јазик

➢ 42 магистерски програми, а за повеќето нудиме и обука на англиски јазик

➢ 31 докторски програми

**Вие добивате:**

➢ Европска диплома по успешно завршување на студиите;

➢ Можност за дополнителни квали–фикациски курсеви;

➢ Мобилност по прграмата Еразмус+ во над 25 земји





За оние кои не го познаваат добро јазикот на кој сакаат да студираат (бугарски или англис–ки), Техничкиот универзитет – Варна нуди обука во Подготвителен курс.

**За повеќе информации:**

https://fs.tu-varna.bg/specialties/
https://fs.tu-varna.bg/how-to-apply/
https://fs.tu-varna.bg/tuition-fees/





## Универзитет во Загреб

# Факултет за електротехника и компјутерски науки

SVEUČILIŠTE U ZAGREBU
Fakultet elektrotehnike i računarstva

# ФЕР е престижен, но достапен на секој кој ќе се потруди

*ФЕР има професори кои се рангирани меѓу 2 % највлијателни научници во светот во областите на вештачката интелигенција, енергетиката и електромашинското инженерство*



**проф. др. сц. Ведран Билас**

**декан на ФЕР Загреб**




***Ве молиме накусо да ни го претставите ФЕР, кога е основан, кои студиски програми ги има, колку професори и студенти има, како е организирана наставата?***

Факултетот за електротехника и компјутерски науки (ФЕР) на Универзитетот во Загреб е една од водечките образовни институции во Хрватска, која се занимава со електротехника, компјутерски науки и информациско–комуникациска технологија. ФЕР има богата историја и углед во академската заедница, обезбедувајќи квалитетно образование на додипломски, магистерски и докторски студии.

Инженерското образование во Загреб започнало во 1919 година со основањето на Кралската висока техничка школа, која во 1926 година станала дел од Универзитетот во Загреб, а во 1956 година бил ос–

МАТУРАНТ




нован и Електротехничкиот факултет (ЕТФ), кој од 1995 година се нарекува Факултет за електротехника и компјутерски науки (ФЕР).

Моментално на ФЕР студираат 4.000 студенти, од кои околу 3.500 на додипломски и магистерски студии и над 500 на постдипломски специјалистички и докторски студии. На ФЕР годишно дипломираат помеѓу 400 и 500 магистри инженери и докторираат помеѓу 40 и 50 доктори на науки. Наставна и образовна поддршка на нашите студенти им обезбедуваат 350 членови на наставниот кадар.

Додипломските студии траат 6 семестри и започнуваат со заедничка прва година која вклучува основни знаења, а во втора година студентите избираат една од двете студиски програми:

- Електротехника и информациски технологии
- Компјутерски науки

Покрај предметната настава, студентите на додипломски студии на ФЕР имаат можност да учествуваат во практични проекти и индустриска пракса. Студентите посетуваат настава приближно 20 часа неделно, што вклучува предавања и вежби. Првиот циклус студии завршува откако студентите ќе ги положат сите предмети и ќе соберат најмалку 180 ЕКТС бодови.

Специјализацијата во рамките на избраните студиски програми се спроведува во текот на третата година на студирање, преку изборни предмети кои ги насочуваат студентите кон модулите на магистерските студии.

***Кои се предностите на студирањето на ФЕР, по што е тој препознатлив?***

ФЕР е најголемиот технички факултет во Република Хрватска, каде работат над 270 доктори на науки, кој има врвно опремени лаборатории и училници. ФЕР има професори кои се рангирани меѓу 2 % највлијателни научници во светот во областите на вештачката интелигенција, енергетиката и електромашинското инженерство.

Има современи студиски програми чиј квалитет го докажува големата побарувачка за нашите студенти во Хрватска и во странство. На ФЕР се запишуваат матурантите со најдобри резултати на тестовите по математика и физика.

ФЕР реализира голем број на истражувачки проекти од програмите на ЕУ на кои соработува со престижни компании и универзитети од цела Европа. ФЕР има силна програма за размена на студенти со неколку десетици универзитети во Европската Унија.

ФЕР им обезбедува на студентите дигитализиран систем за упис. Има голем број студентски здруженија. Во спортот е најактивниот факултет на Универзитетот во Загреб. Има спортска сала, библиотека и простории за учење, како и популарен студентски ресторан.

***Која е мисијата и која е визијата на ФЕР?***

Визијата на ФЕР е да биде препознатлива европска високообразовна и истражувачка институција во областа на електротехниката, компјутерите и информациската и комуникациската технологија, која со едукација на одлични технолошки таленти и одговорни лидери, ја обликува хрватската и европската иднина.




Мисија на ФЕР е:

- да ги едуцира и инспирира студентите кои ќе го носат технолошкиот и општествениот развој на Хрватска преку настава заснована на резултати од истражувањата, ќе им пренесат претприемничка храброст и ќе ги засилат одговорно да го насочуваат напредокот, во корист на човекот, природата и заедницата,
- создавање на нови знаења преку меѓународно признати истражувања, развој на економијата и јавниот сектор преку иновации,
- да биде институција на високи академски и етички вредности, место на критичко размислување и преиспитување и еднаквост на сите членови,
- да биде движечка сила на технолошкиот развој.

***Кои се идните планови на развој на ФЕР?***

ФЕР е динамична организација со креативни и енергични студенти, истражувачи и професори. И на многу одговорни и посветени вработени во службите кои помагаат во функционирањето на Факултетот.

Имаме големи планови за унапредување на инфраструктурата преку обнова и реконструкција на

МАТУРАНТ

SVEUČILIŠTE U ZAGREBU
Fakultet elektrotehnike i računarstva

зградите. Ќе ги прошириме капацитетите и на нашата информациска инфраструктура.

Планираме да отвориме нови истражувачки центри и да ја зголемиме видливоста и препознатливоста во Европа.

Работиме на зголемување на квалитетот на студентското искуство на сите нивоа и димензии на студентските активности на Факултетот.

***Каква е соработката на ФЕР со другите високообразовни институции и со бизнис-заедницата, од што се состои и како се реализира?***

ФЕР има силна соработка со многу факултети во Хрватска и во Европската Унија. На пример, имаме




програма со двојна диплома со Politecnico di Milano. Имаме договори во рамките на програмата Еразмус+ со неколку десетици престижни европски универзитети. На ФЕР се спроведуваат магистерски студии од заедничката магистерска програма со европски партнери. Започнавме со нови интердисциплинарни програми, како што е Биомедицинско инженерство.

ФЕР има многу силна соработка со индустријата, по што е добро познат. Организираме професионални пракси за студентите и многу влијателен саем за вработување (JobFair), како и други модели преку кои студентите доаѓаат во контакт со работодавците. Имаме голем број (сега над 100) проекти на кои соработуваме со партнери од индустријата и на кои нашите постдипломци и докторанди имаат можност да работат.

***Колку места имате за студенти од Македонија оваа година, кои се условите за запишување и кога се уписите?***

Македонските матуранти можат да се пријават на студии кои се спроведуваат на хрватски јазик или на студии кои се спроведуваат на англиски јазик.

За студиски програми на хрватски јазик, за додипломски студии, квотата е 10 места за странски државјани на земји кои не се членки на Европската Унија. Пријавувањето за летниот уписен рок на додипломски студии трае до 17 јули 2024 година, а за есенскиот уписен рок од 22 јули до 18 септември 2024 година. Годишната школарина за странски студенти изнесува 1.114,87 евра.

Што се однесува до пријавувањето за студиски програми на англиски јазик, за додипломски студии квотата за странски државјани на земји кои не се членки на Европската Унија е 20 студенти за студирање *Electrical Engineering and Information Technology* и 20 студенти за студирање *Computing*. Рокот Early Bird е до 31 мај 2024 година, а редовниот рок е од 1 јуни до 1 јули 2024 година. Годишната школарина за студии на англиски јазик е 5.574,00 евра.

Пријавувањето за поединечни уписни рокови, избор на високообразовни институции и објава на ранг–листи за пријавени институции, се врши со користење на Националниот информативен систем за пријавување на високообразовни институции (NISpVU). Подетални информации за постапката може да се најдат на веб–страниците:
www.postani-student.hr, www.ncvvo.hr и www.studij.hr.

Кандидатите кои своето средно образование го завршиле надвор од Република Хрватска, треба да започнат постапка на признавање на странски школски квалификации. Постапката за признавање ја спроведува Agencija za znanost i visoko obrazovanje.

Подетални упатства поврзани со постапката на признавање на странски средношколски квалификации, се достапни на веб–страниците www.studij.hr (под *Sve o prijavama Završio/la sam srednju školu u inozemstvu Priznavanje inozemne obrazovne kvalifikacije*).



***Која е Вашата порака и совет до македонските матуранти?***

**Ако сте матурант или завршувате додипломски студии и барате место каде што ќе се чувствувате добро, каде ќе имате многу можности за личен раст и развој, да студирате по програма која е проверена од генерации експерти кои работат низ светот, да соработувате со интересни луѓе од кои можете многу да научите, запишете се на ФЕР и дојдете во Загреб. ФЕР е престижен, но достапен на секој кое ќе се потруди. Сигурен сум дека има многу од вас кои го можат тоа. Со нетрпение ве очекуваме.**

SVEUČILIŠTE
U DUBROVNIKU
UNIVERSITY
OF DUBROVNIK

# УНИВЕРЗИТЕТ ВО ДУБРОВНИК

***Каде да студирате? На Универзитетот во Дубровник ве очекуваат иновативни студиски програми, а акцентот е на стекнување практично знаење***





Во историскиот град со богата традиција и култура, ***УНИДУ*** го спојува наследството со новите трендови во науката и образованието. УНИДУ може да се пофали со модерни извонредно опремени ***Студентски дом***, студентски клуб и менза, кои обезбедуваат сѐ што му е потребно на еден студент, во еден од најубавите студентски градови чија диплома е признаена во Европската Унија!

Младиот и динамичен ***Универзитет во Дубровник*** неодамна ја прослави 20–годишнината од своето основање, па во текот на својата континуирана активност, ја постигна својата извонредност на мапата, не само на бројни хрватски, туку и на меѓународни универзитети.





фото: srednja.hr

Како е да се преселиш од Македонија во Дубровник и да студираш? Одговорот на ова прашање најдобро го знае Емилија Баткоска, која одлучила дел од своите студии да ги помине во Дубровник.

И оваа година УНИДУ е подготвен да ги пречека бруцошите во ***најсовремениот Студентски дом***, каде што покрај студентскиот клуб за бројни активности и дружења, на сите студенти им се достапни и: модерно опремена теретана, разновидни јадења во мензата по пристапни цени, подземна гаража, машина за перење, чајни кујни и простории за учење и опуштање.



Фото: Емилија Баткоска, лична архива

Ова е нејзината порака: „Дубровник е град кој секојдневно нуди широк спектар на активности и поволности за студенти, кои вреди да се посетат. Најголем впечаток ми остави посетата на врвот Срџ и на островот Локрум, кој секој пат кога го посетував, откривав некое ново воодушевувачко место, можеби заради тоа што дел од познатиот филм Game of thrones е сниман баш на тој остров.

Голем впечаток ми остави и вклученоста на Факултетот и на студентите во организирање на хуманитарни акции во коишто земав активно учество, а се изработуваа божиќни колачи и торти.

Оваа размена имаше многу позитивно влијание на мене, се надоградив себеси како личност, стекнав пријателства низ целиот свет, ја остварив мојата цел за мобилност во Дубровник, стекнав искуство како е да се студира надвор од својата држава, се запознав со нови култури, начин на живот, што всушност беа и моја мотивација за да се пријавам.

Бев сместена во најмодерниот студентски центар во Хрватска, Студентскиот дом во Дубровник. Во истиот, условите за живот беа одлични, секоја соба беше за двајца, опремена според сите стандарди. На секој кат имаше читална, кујна и машина за перење. Во Студентскиот дом имаше теретана, клуб за дружење, менза и ресторан. Сите услови кои се потребни за нормален и здрав развој на еден студент.“

**Емилија Баткоска,**
**студентка на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид, при Универзитетот Климент Охридски - Битола**



Големо внимание се посветува на ***практичното искуство*** на студентите, на ***индивидуалниот пристап*** и ***работата во мали групи***, особено на ***технологиите на иднината***. Идните студенти во Дубровник ќе имаат можност да се запознаат со работата на студентското радио и телевизија во новоопременото студио, ќе можат да вежбаат на симулаторите за студентите по наутика и бродоградба, или да истражуваат во лабораториите за невромаркетинг. Универзитетот нуди упис на ***15 додипломски*** и ***16 постдипломски студии***, насочени на ***екологија, комуникологија, поморство, електротехника и компјутерски науки, економија и деловна економија, историја на Јадранот и на Медитеранот, конзервација и реставрација, медицински сестри.***



Вљубениците во морето и во бродовите можат да студираат на ***Поморскиот оддел***, кој им нуди на студентите извонредни можности за практично учење и развој на вештини кои се усогласени со меѓународните стандарди. Тие можат да добијат и голем број професионални сертификати признати од Министерството за море, транспорт и инфраструктура и од Меѓународната поморска организација. Преку практични вежби на симулатори, во лаборатории и во практика на школскиот брод „Наше море“, студентите стекнуваат конкретни вештини неопходни за успешна кариера.



За оние кои ги следат трендовите во туризмот, гастрономијата, маркетингот и менаџментот, ***Одделот за економија и деловна економија*** и подготвува идните студенти за динамичен и перспективен пазар. На атрактивните, професионални студии за Хотелиерство, ресторани и гастрономија, студентите ги откриваат современите туристички трендови и развиваат практични вештини, со поддршка на искусни експерти од практиката. Бројните проекти на ***Истражувачкиот центар за дигитална трансформација CREDO***, кој обединува искусни истражувачи во проучувањето на економските

аспекти на дигиталната трансформација, исто така придонесуваат за научната извонредност на Одделот. На сите идни истражувачи им е достапна и ***Лабораторијата за невромаркетинг***, која им овозможува на студентите да ги разберат потрошувачите и нивната перцепција со помош на посебни уреди и со современи техники.




Професиите во областа на ***електротехниката и компјутерските науки*** нудат големи можности за идно вработување и на море и на копно. Тоа е ***оддел*** за бројни иновации со современа ***Лабораторија за интелигентни автономни системи (LARIAT)***, чии роботи опремени со ГПС, камери и систем за вештачка интелигенција се користат за идентификување на отпад во морето. Системот се користи и од други оддели, како што е ***Применета екологија***, чии студии се идеален избор за љубителите на природните науки кои со одржливо работење сакаат да го зачуваат морето за идните генерации. Студиите обезбедуваат и практична работа во неколку лаборатории, а професионалната пракса е во институциите за заштита на природата и животната средина, односно во објектите за аквакултура, што им отвора бројни можности за кариера на студентите.



Еден од најдинамичните оддели на Универзитетот е ***Одделот за комуникологија***. Тоа е вистинско место за сите кои сакаат да станат новинари, радио или ТВ–презентери, сниматели, ПР–менаџери или комуникациски експерти, а многубројни алумни на Одделот денес се познати медиумски експерти и експерти за односи со јавноста во регионот. Овде студентите имаат можност да ги направат своите рви медиумски чекори со помош на пракса во универзитетските медиуми – Радио УНИДУ и Телевизија УНИДУ.



Културното богатство на бисерот на Медитеранот е видливо во работата на ***Одделот за уметност и реставрација***, кој нуди дури четири различни насоки (Дрво, Хартија, Текстил и Метал), што резултира со широка обука за конзервација и реставрација на претежно музејски или архивски предмети, со работа во мали студентски групи.



фото: story.hr

Историското наследство на овие краишта е идеална основа и за вљубениците во историјата. Добросочуваното историско и културно наследство на Дубровник, кое ја вклучува и една од најстарите архиви на Медитеранот, овозможува концепт ***на студии Историја на Јадранот и на Медитеранот***, со силно изразена истражувачка компонента и практична настава.



На пазарот на трудот има сè поголема потреба од здравствени работници, и секој што го чувствува овој повик може да стекне богато теоретско и практично знаење на студиите за ***Медицински сестри и Клинички медицински сестри***, за кои секоја година се бара место повеќе.




Ги разбираме предизвиците и за балансирање на спортските и академските обврски, токму затоа многу ***хрватски репрезентативци и врвни спортисти*** го избираат токму УНИДУ. Студентите на Универзитетот неретко ќе ги сретнете на Дубровничките ѕидини, во кино или во театар, за кои, меѓу другите поволности, имаат **бесплатен влез**, а сè заради проширување на содржината и на можноста за учество во културно–забавни содржини и за подобро запознавање на Дубровник. Покрај тоа, во ***Студентскиот центар***, на студентите им е достапен и голем избор на студентски работни места. Универзитетот обезбедува богата мултикултурна атмосфера, идеална за нови пријателства и искуства, а секоја година е дом на повеќе од сто студенти од педесет земји од светот. Студентите можат да избираат и ***повеќе од 200 партнерски институции*** на престижни европски универзитети за сопствено искуство на студирање во странство.



Иновативните студиски програми, индивидуалниот пристап кон студентите и извонредното сместување со бројни поволности, создаваат одлична студентска атмосфера, а онаа клучната предност на сите оддели и студии е посветеноста на практичното искуство, што ги прави студентите со диплома на УНИДУ ***конкурентни и ценети на динамичниот меѓународен пазар на трудот.***



Доколку си подготвен/а да ја започнеш својата приказна на УНИДУ, ***сè што треба е да аплицираш на избраните студии***, а доколку те интересираат дополнителни информации, испрати ни прашање на:
upisi@unidu.hr



### Проф. д-р Јордан Ѓорчев, основач на Меѓународен Славјански Универзитет

# Можеме да кажеме дека нашиот универзитет прерасна во крстосница каде се обединуваат и споделуваат знаењата од сите краеви на светот

*„За да постигнеме големи работи, мораме не само да дејствуваме, туку и да сонуваме и не само да планираме, туку и да веруваме“ - Анатол Франс*

2 ДЕЦЕНИИ. 1 ВИЗИЈА.
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ



Меѓународен Славјански Универзитет се гордее со две децении на непрекината посветеност на образованието, напредокот, иновациите и заедницата.

Кога нашиот универзитет беше основан во 2004 година во Свети Николе, тоа беше повеќе од само создавање на високообразовна установа – тоа беше остварување на еден сон. Сон кој веруваше во трансформативната моќ на образованието, сон кој беше внимателно реализиран со одлучност и надеж. Низ годините, овој сон продолжи да се развива и да расте, претворајќи ја нашата визија во реалност, проширувајќи ги нашите активности и посветеност надвор од нашите почетни граници.

Нашиот пат од овие скромни почетоци до прераснување во една од најголемите високообразовни институции во земјава ги одразува зборовите на Анатол Франс. Ние сонувавме за создавање на слободна и инспиративна академска заедница, верувавме во нашата мисија и дејствувавме според нашите уверувања и планови. Среќни сме што можеме да кажеме дека нашиот универзитет прерасна во крстосница каде се обединуваат и споделуваат знаењата од сите краеви на светот. Овој пристап не само што ни помогна да го развиеме Универзитетот, но донесе и бројни домашни и интернационални признанија за нашиот придонес во образованието, културата, литературата и нашата посветеност кон заедницата во која работиме.





# ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО

**Проф. д-р Габриела Крстевска, деканка на Факултетот за економија и ОП на Меѓународен Славјански Универзитет**



Факултетот за економија и организација на претприемништво при Меѓународен Славјански Универзитет во Свети Николе веќе има традиција од 20 години и е една од водечките институции за високо образование во областа на економијата и менаџментот, нудејќи уникатни студиски програми и можности за студентите.

Разговараме со деканката, проф. д-р Габриела Крстевска која ќе ни ги презентира главните карактеристики и предности на студиите на овој факултет, ќе ни открие кои се можностите за практично искуство, и ќе сподели детали за кариерата и за можностите за вработување на дипломираните студенти. Исто така, ќе дознаеме повеќе за активностите и за настаните кои го поттикнуваат развојот на креативноста и на иновативноста кај студентите.

**Што ги прави студиите по економија и менаџмент на вашиот факултет посебни во споредба со други универзитети?**

На нашиот факултет студентите имаат можност да се специјализираат во областа на менаџмент и претприемништво, како и во областа на финансии и банкарство. Некои од аспектите кои ги прават студиите на овој факултет посебни во споредба со други универзитети се тоа што студентите имаат можност за избор според своите интереси и кариерни цели, како и да го продолжат патот на лична надоградба на постдипломски студии во поле кое е логично продолжување на иницијално избраната додипломска програма. Студентите на факултетот добиваат академска и практична подготовка за успешна кариера во различни области, а факултетот постојано поддржува истражувачка активност, организира конференции и семинари и соработува со бизнис–секторот. Најважно е што студентите на Факултетот за економија и организација на претприемништво ќе имаат можност да стекнат знаења и вештини кои ќе ги подготват за успешна кариера во бизнисот и во менаџментот.

**Кои можности за пракса и реални работни искуства им ги нудите на студентите?**

Студентите имаат можност да се подготват за успешна кариера во областа на економијата, финансиите и менаџментот. Кај нас функционира системот на активно менторство кој им помага на студентите да ги остварат своите образовни потенцијали. Исто така, студиските програми интегрираат економија, финансии и менаџмент, обезбедувајќи целосни знаења од сите овие области. Студентите се поттикнуваат да ги применуваат знаењата во практични ситуации, што е важно во брзо променливите полиња како економијата и менаџментот. Верувам дека овие можности ќе ги подготват студентите да се соочат со предизвиците на современиот свет како успешни економисти и менаџери!

**Какви кариерни опции имаат дипломираните студенти од вашиот факултет?**

Дипломираните студенти можат да работат како менаџери во различни компании, од мали до големи корпорации. Студентите можат да работат и како проектни менаџери, менаџери во областа на човечките ресурси, да започнат свои сопствени бизниси или да работат во стартап компании. Студентите од програмата Финансии и банкарство можат да работат како сметководители, банкари, финансиски советници...



МАТУРАНТ

# ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

## Проф. д-р Анита Ристеска, деканка на Факултетот за психологија на Меѓународен Славјански Универзитет



Разговаравме со проф. д–р Анита Ристеска, декан на Факултетот за психологија при Меѓународен Славјански Универзитет во Свети Николе. Дознаваме повеќе за уникатните предности на студиите по психологија, за можностите кои ги нуди факултетот и за перспективите за иднината на дипломираните студенти.

**По што е познат Факултетот за психологија?**

Нашиот главен фокус е на описот и проучувањето на свесните и несвесните, сознајните, мотивационите и емоционалните психички процеси кои влијаат врз однесувањето на поединецот и групата. Наставниот процес е организиран според високи наставни принципи, кои вклучуваат соодветност и индивидуализација на наставата, систематичност на наставниот пристап, како и креативна и творечка активност на студентите. Со современи просторни услови и соодветно избрани институции за практична примена, ние обезбедуваме квалитетно високо образование.

**Какви можности за практично искуство и реални работни искуства им нудите на студентите?**

Студентите на Факултетот за психологија имаат можност за практична примена на теоретските знаења преку соработка со институции од областа на здравството, социјалната работа и образованието. Нивната пракса се одвива во современи услови каде што можат да ги применат своите знаења и вештини и да добијат реално работно искуство. Методите, постапките и средствата што ги применуваме во наставата им овозможуваат на студентите да напредуваат според своите можности и да ги развиваат своите потенцијали.

**Какви кариерни можности имаат дипломираните студенти од вашиот факултет?**

Дипломираните студенти од Факултетот за психологија имаат широк спектар на кариерни можности. Тие можат да работат како клинички психолози, советници, истражувачи, психолози во образовните институции, како и во многу други сектори каде што е потребна експертиза во психологијата. Нашите дипломци се подготвени да се соочат со предизвиците на современото живеење и да придонесат за подобрување на психолошката благосостојба на поединците и на заедницата.

**Какви се Вашите очекувања за новата академска година и за идните студенти на Факултетот за психологија?**

Се надевам дека новата академска година ќе донесе нови успеси и достигнувања за нашите студенти. Очекувам дека тие ќе бидат мотивирани и посветени на своето образование и дека ќе ја искористат секоја можност за учење и напредување. Факултетот за психологија продолжува да обезбедува квалитетни услови за стекнување непроценливи знаења и вештини, но и на техники со кои ќе бидете успешни психолози кои можат да се соочат со предизвиците на денешното живеење.



# ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ И ИНФОРМАТИКА

## Проф. д-р Цветанка Митревска, деканка на Факултетот за технички науки и информатика на Меѓународен Славјански Универзитет



Деканот на Факултетот за технички науки и информатика, проф. д–р Цветанка Митревска ќе ни раскаже повеќе за уникатните предности на студиските програми, можностите кои ги нуди факултетот и перспективите за иднината на дипломираните студенти. Ова интервју ќе ви помогне да добиете подетални информации за важноста на изборот на факултет и професија, како и за улогата на техничките науки и информатиката во современото општество.

**Што го прави Факултетот за технички науки и информатика посебен и уникатен?**

Светот на технологиите се менува и развива најбрзо од сите останати индустрии. Нашиот факултет овозможува проекција, елаборација, конкретизација и апликација на содржини од областа на техничките науки низ висококвалитетен и современ процес на настава кој е во тек со брзиот технолошки развој и со модерните текови во образованието во Европа и во светот. Наставниот процес е организиран според високи наставни принципи кои вклучуваат соодветност и индивидуализација на наставата, систематичност на наставниот пристап и креативно–критичка и творечка проактивност на студентите. Факултетот нуди уникатни програми како Безбедност при работа и, одгодинава, најновата програма е Управување со отпад. Овие програми се исклучително важни бидејќи обезбедуваат студентите да се запознаат со критичните аспекти на индустријата и на животната средина.

**Какви методи и пристапи користите за да го олесните учењето и напредокот на студентите?**

Методите, постапките и средствата што се применуваат во наставата на нашиот факултет му овозможуваат на секој студент да учи и да напредува според своите способности, но и максимално да ги развива своите потенцијали. Наставата се изведува во современи просторни услови и амбиент, кои ги создаваат најдобрите можни услови за инкорпорирање на теоријата и практичната примена на знаењата. Ова ни овозможува да ги подготвиме нашите студенти за брзото технолошко напредување и за модерните текови во индустријата.



**Кои кариерни можности им се достапни на студентите по завршувањето на студиите?**

Областите на техниката се огромни и студентите имаат можност да одбираат помеѓу бројни кариери. Тие можат да изберат кариера информатика, развој на софтвер, вештачка интелигенција, работна средина, животна средина, или нешто друго, зависно од студиската програма. Каква и да е кариерната патека, секоја линија на кодот што ќе ја напишат, секој алгоритам што ќе го дизајнираат и секое решение што ќе го создадат има потенцијал да го обликува и менува светот.




**Каква е важноста на практичната настава и како ја реализирате?**

Практичната настава е суштински дел од нашите програми. Студентите имаат можност да ја изведуваат практичната настава во соодветно избрани претпријатија и институции кои овозможуваат инкорпорирање на теоријата и практичната применливост на знаењата. Ова не само што им помага да ги применат своите знаења, туку и да стекнат стручни вештини кои ќе им бидат корисни на идните работни места.

# ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

## Проф. д-р Иван Ефремовски, декан на Факултетот за правни науки на Меѓународен Славјански Универзитет



Разговараме со деканот на Факултетот за правни науки, проф. д–р Иван Ефремовски. Овој факултет е познат по своите современи студиски програми и високите стандарди на образование. Ова интервју ќе ви даде увид во образовните можности и перспективи што ги нуди Факултетот за правни науки.

**Што ги прави правните студии на вашиот факултет посебни и уникатни во споредба со другите универзитети?**

Нашиот факултет нуди студиски програми на додипломски и постдипломски студии кои се производ на најновите трендови, прилагодувајќи се на законските измени и на новините кои се воведуваат во нашиот правен систем, а притоа следејќи ги компаративните искуства и легислативата на Европската Унија.

Прилагодувајќи се на брзите промени во современото општество, наставната програма останува да биде актуелна со воведување на нови предмети кои се плод на развојот на новите научни дисциплини или дополнување на постојните предмети со нови и актуелни лекции. Критериумот за образување на квалитетни, компетентни и стручни кадри беше основна цел при изборот на предметите и нивната застапеност во студиската програма.

Студиските програми како на додипломски, така и на постдипломски студии се моделирани врз основа на успесите што ги постигнува високото образование во државите на ЕУ, но со особено внимание на правната традиција и особеностите на правните науки како научна дисциплина. Факултетот за правни науки е усогласен со модерните европски трендови давајќи една поголема континуирана наобразба на студентите, преку нивно профилирање во сегментот на правните науки.



**Какви практични искуства имаат студентите по право за време на студиите?**

Студиските програми во себе го интегрираат најзначајното теоретско и практично знаење на наставно–научниот кадар на Факултетот за правни науки кој го пренесува своето знаење на студентите.

Факултетот ги поддржува студентите во развивањето на нивните практични вештини преку реализираните вежби, анализата на случаи од практиката, пишувањето акти, симулацијата на судења, студиите на случаи итн. Практичната



работа се презентира и од страна на гости предавачи, кои се истакнати експерти во својата област. Благодарение на склучените договори за соработка со многубројни институции во нашата држава, често гости на предавањата се истакнати експерти од практиката. Покрај тоа студентите посетуваат и соодветни институции со цел поблиску да се запознаат со нивното функционирање и со практичната примена на правото.



СТУДИРАЈТЕ
НА СЛАВЈАНСКИ
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
2 ДЕЦЕНИИ. 1 ВИЗИЈА.
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
msu.edu.mk • info@msu.edu.mk
@slavjanskiuniverzitet

# ГЛЕДАЈ ТЕЛЕВИЗИЈА
# ЗА 1 ДЕНАР МЕСЕЧНО




+ EON АПЛИКАЦИЈАТА

СИТЕ ТОТАЛ ТВ ПАКЕТИ
12 МЕСЕЦИ
ПО 1 ДЕН
МЕС

+ ПИНК ПАКЕТ
ВО ЕКСТРА И ПРЕМИУМ ПАКЕТ

BRAINSTERNEXT COLLEGE

# Бреинстер Некст колеџ - практично образование за сигурно вработување

Бреинстер Некст колеџ (Brainster Next College) е првиот практичен ИТ–факултет во Македонија што со својот начин на образование буквално прави револуција во високото образование.

Ако сакаш да ги совладаш најбараните вештини и подготвено да тргнеш во ИТ–индустријата, тогаш потребно ти е вакво образование – единственото кај нас што става фокус на практичните вештини на студентите и се грижи за нивното вработување.

Дипломците на Бреинстер Некст колеџ на двете студиски програми Софтверско инженерство и иновации и UX/UI и графички дизајн се стекнуваат со титула бацхелор со 180 ЕКТС, исто како и останатите факултети во земјава. Тогаш, во што е разликата?

**Практично учење и применливо знаење**

На Бреинстер Некст колеџот, теоријата опфаќа околу 20% од предметите и фокусот е на праксата. Студентите учат како да кодираат и да дизајнираат на часовите, предводени од експерти и професионалци. На крајот, студентите се оценети врз основа на нивното практично знаење со изработка на практични проекти. Секој пролетен семестар, финалниот предмет од годината е заснован на реален проект за некоја од партнерските компании. Студентите годи-



нава работеа на 3 големи проекти – апликација за „Синеплекс“, градеа дигитална платформа–календар за културни настани што ќе го користи Македонска опера и балет, „Пасворд продукција“ и „Лабораториум“, како и ребрендирање на познатиот фестивал Таксират. Лани пак, студентите од програмата Софтверско инженерство и иновации работеа на дигитализација на менијата на скопски угостителски објекти. Целосно изработени веб–апликации, учество на хакатони и реални проекти, пракси во ИТ–компании...

Иако се само во втора година, портфолијата на нашите студенти од студиската програма Софтверско инженерство и иновации се веќе импресивни.

„Заедно со мојата колешка, Атанасија Георгиевски минатата година на факултет работевме на проектот којшто одлучивме да го крстиме „Битбајт“.



Идејата ни се роди за време на работата на последниот предмет на факултет на кој работевме на реален проект. Почетната идеја одлучивме да ја доработиме на пракса во Бреинстер и навистина сме горди што апликацијата сега ја користат неколку угостителски објекти“, вели Давид Петковски.

„Само една академска година на Бреинстер Некст колеџ нè делеше од успешно креирање на апликација“, објаснува Атанасија. И додава дека можноста за летна пракса била од суштинско значење за нивната професионална еволуција.

„Секојдневната интеракција со експерти беше извор на голема мотивација и можност за проширување на нашите хоризонти во областа на софтверското инженерство и иновации“, вели таа.

**Учество на хакатони и градење апликации за 48 часа**

За да им овозможи уникатно и неверојатно искуство на студентите, Бреинстер Некст колеџ, употребува една од најмоќните „алатки“ за стекнување на знаење, справување со предизвици и решавање на реални проблеми, излегувајќи од традиционалниот амбиент што го нуди училницата, учество на 48–часовен хакатон во живо.

Во соработка со колеги од други области (дизајнери, програмери, маркетери, софтвер тестери, дата аналитичари), студентите за два дена креираат решенија. Целта на овие „спринтови“, е симулација на

реална работа средина и изложување на предизвиците на кои ќе наидат студентите во работните средини.



Студентката Марија Котеска, која досега била дел од неколку хакатони, раскажува дека на хакатонот за интернационалната компанија SCiDEV се почувствувала како да е на работно место.

„Се чувствував како да сум со колеги на работа и имаме многу битна и интересна работа да завршиме. Предизвици ми беа сите нови нешта што не ги



знаев, а што требаше да ги совладам и сфатив дека со многу работа, труд и колеги со кои можеш да си размениш знаења, може да се постигне тоа. Тимската работа е клучна“.

**Пракса во компании во текот на летото**

За време на студирањето, Бреинстер Некст колеџ ги подготвува своите студенти за вработување и ги соочува со предизвиците во работната култура. За студентите следува двомесечна пракса за време на летниот распуст.

Стефан Хаџи–Ефтимов и Владимир Гелов лани летото го поминаа на пракса во компанијата „Tabletmenukaart“.

„За време на праксата имав задача да направам систем за апликација за резервирање. Со праксата сфатив дека можам да направам цела апликација што наскоро ќе биде пуштена во локалните ресторани за тестирање. Секако дека имав потешкотии и несигурност кога ќе се појавеше одреден проблем, но тука беа поискусните програмери што секогаш беа расположени да ни помогнат“, ни сподели Стефан.

**Експерти од ИТ-компанија предаваат предмет**

Кога е во прашање практичната настава и конекцијата со компаниите, овој факултет повторно ги поместува границите. Курикулумот на Предмет од индустрија е изработен заедно со компанија.

„Тој соодветствува на технологиите и принципите што ги користи компанијата во своето работење и на тој начин креира програма која ги учи и оценува студентите врз основа на нивните потреби и потребното знаење кое се очекува да го има вработен во таа компанија“, вели Александар Клашниновски, генерален менаџер на факултетот.

**Вработување и учество на Brainster Job Fair**

Секој студент што ќе дипломира на Бреинстер Некст колеџ ќе го направи тоа со целосно изградено портфолио со куп сработени проекти за компании. Покрај праксата, и постојаната комуникација со компаниите во текот на студирањето, тие добиваат



шанса и за учество на саем за вработување каде искусуваат интервјуа и вмрежување со домашни и странски компании. Тимот „Партнерства“ се грижи и за нувното вработување по дипломирањето.

**Уписи и можноста да се студира за 0 денари до вработување**

„Студирај сега, плаќај по вработување“, оваа финансиска поволност, прва и единствена од ваков тип кај нас, им нуди шанса на сите матуранти и млади лица да се запишат на додипломски студии по Софтверско инженерство и иновации или на UX/UI и графички дизајн и да ги поминат 3 годишните студии без да платат денар, сѐ додека не дипломираат или не се вработат. И тоа со план за отплаќање на школарината до 36 бескаматни рати.

„Нашата примарна цел е најспособните студенти, без разлика на нивните финансиски можности, да добијат прилика за врвно апликативно образование што ќе води кон сигурно вработување и кариера од иднината“, вели Клашниновски.

За упис на факултетот потребно е да се помине приемен тест. Повеќе информации за уписите на веб–страницата next.edu.mk.

# Филантропот Милен Врабевски повторно го спасува меѓународниот уметнички фестивал „Малиот битолски Монмартр 2024“



Милен Врабевски е бугарски бизнисмен, филантроп и мецена

ФОНДАЦИЯ БЪЛГАРСКА ПАМЕТ

***Бугаринот со уште една инвестиција за каузата на братските односи меѓу Бугарија и Република Македонија***

## Доктор, бизнисмен, филантроп, мецена - Милен Врабевски

Основач е и претседател на Фондацијата „Бугарска меморија“. Основач и долгогодишен извршен директор е на „Комак Медикал“ – најголемата научноистражувачка организација во Југоисточна Европа со предмет на дејност развој, управување и контрола на проекти од областа на научноистражувачката и развојна дејност во клиничката медицина.

Компанијата развива научни проекти во повеќе од 30 земји во Европа, Азија и Америка.

Сопственик е на образовниот комплекс „Цар Симеон Велики“, во кој се вклучени: Приватна детска градинка „Росица“ и Приватно основно училиште „Цар Симеон Велики“, Приватна гимназија за природни науки и претприемништво „Асен Јорданов“ и Центар за обука „Цар Симеон Велики“.

Д–р Милен Врабевски е активно ангажиран со каузата на добротворноста во Бугарија во поддршка на иницијативи за афирмирање на националниот идентитет и вредностите на европското граѓанство. Од 2007 година, д–р Врабевски инвестира во сопствена дарителска програма за поддршка на семејства со репродуктивни проблеми, како и во иницијативи и кампањи посветени на борбата со демографската криза и зголемувањето на наталитетот во Бугарија. Тој е главниот добротвор на фондацијата „Сакам бебе“, а благодарение на неговата финансиска поддршка се родиле 41 бебе во Бугарија.

Д–р Врабевски е добитник на десетици награди, од кои некои се „Европски граѓанин на годината“ (2013) и „Човек на годината“ (2019). Тој е член и на Глобалната иницијатива на Бил Клинтон од 2012 година.



*Претседателот на Европскиот парламент (2012-2017) Мартин Шулц го награди д-р Врабевски со наградата „Европски граѓанин на годината” во 2013 година*

**Монмартр во Битола - светски центар за млади уметници**

Едни од најстарите и најголемите настани за детска уметност во светот се организирани од

МАТУРАНТ

Северна Македонија во ликот на Детското ликовно студио „Свети Кирил и Методиј“, град Битола – Мал битолски Монмартр и Детски ликовен натпревар и изложба „Битола“. Организацијата е основоположник на светско ниво на организираната форма на оценување, наградување и професионална грижа за уметничкиот талент на младите творци на возраст од 4–20 години.

За овогодинешните изданија на двата конкурси, Детското ликовно студио „Св. Кирил и Методиј“ има добиено рекордни 800 пријави за учество од приватни и државни училишта од 80 земји во светот, кои формираат фонд од над 40.000 детски уметнички дела.

Традиционално, во април организаторите ги објавуваат поединечните награди за учесниците, а една од поголемите награди е покана за учество на годинешното 43–то издание на светската детска колонија „Мал битолски Монмартр“, во која ќе учествуваат вкупно 24 делегации од 22 земји. Официјалното отворање на манифестацијата ќе биде на 23 мај – празникот на Светите браќа Кирил и Методиј.

Низ годините, Детското ликовно студио „Св. Кирил и Методиј“ има запишани три Гинисови рекорди за најголема изложба на детска ликовна уметност – во 1996 година во Битола, 1997 година во Скопје и 1998 година во Белград.

Организацијата е партнер на Меѓународниот олимписки комитет во Лозана од 2000 година, благодарение на што учествуваше на 7 летни олимписки и параолимписки игри. Тоа ќе се случи и во 2024 година, кога студиото ќе направи изложба на детски цртежи на тема Олимпијадата во Париз.

**Како бугарскиот филантроп ја помогна најголемата детска ликовна манифестација?**

Откако во 2023 година за прв пат по 42 години, македонската држава не обезбеди реализација на големиот уметнички настан, студиото се соочи со невиден проблем како да се реализира спектакуларниот настан за талентирани млади. По долго талкање низ сложениот лавиринт на политички и партиски страсти, притисок и прекин на поддршката од државните институции и министерства без образложение, д–р Врабевски донираше 18.000 евра за одржување на две од гордостите на Северна Македонија – Малиот битолски Монмартр и Детскиот ликовен конкурс и изложба „Битола“.

Ова го враќа основниот дух на конкурсот – детската радост, насмевките, уметноста и симбиозата на различни народи и религии на едно место.

Состојбата во 2024 година не е поинаква – двата светски ликовни конкурси имаат уште повеќе активности и гости од минатата година, но значително намален финансиски фонд. Поради оваа причина, д–р Врабевски одлучи да ја зголеми помошта на организаторите од Детското ликовно студио „Св. Кирил и Методиј“ и донираше 25.000 евра за одржување на овогодинешните манифестации, со што стана најголемиот донатор на манифестации во Северна Македонија кои до минатата година ги финансираше токму нашиот сосед.



*Славчо Неделковски*

**Славчо Неделковски, претседател Детското ликовно студио „Св. Кирил и Методиј“: Врабевски ни го спаси студиото!**

**Како вашето ателје соработува со д-р Врабевски и Фондацијата Бугарска меморија?**

Пред се, имаме професионална и безусловна соработка, заснована на постулатите дека децата треба да се држат што подалеку од политиката и квазиполитичките намери за партиски интереси. Врабевски никогаш не отстапил од своите принципи и во него препознаваме не само соработник, туку и пријател. Благодарение на него, имаме отворени врати кон ЕУ и УНЕСКО.

Милен Врабевски е пример за човек, кој целосно ја оправдува функцијата Почесен граѓанин на Европа и филантроп. Без неговата помош, немаше да можеме да го спасиме студиото и да ги одржиме настаните во оваа и во минатата година. Му благодариме!

**Кажете ни за досегашните заеднички иницијативи, зошто е важно да се среќаваат децата од двете страни на границата?**

Започнавме со иницијатива за создавање на детска ликовна колонија. Тоа што го работиме веќе 56 години. Реализирани се 2 изданија. Во 2022 година, 15 ученици од Северна Македонија и Бугарија го направија „Малиот Монмартр во Пловдив“ успешен, а потоа и Камп за филантропија во Софија. Во 2023 година го реализиравме вто–

рото издание на „Малиот Монмартр во Копривштица и Софија“, а претходно во 2023 година имавме посета на Европскиот парламент и Европската комисија, при што се сретнавме со клучни носители на важни портфолија за нашата активност. Работиме на третото издание, кое по традиција треба да биде во јули 2024 година. Многумина не сакаат децата безгрижно да цртаат и да комуницираат, што треба да е работата за која се платени политичарите. Егоизмот нема никаде да не одведе.

**Дали вашата работа би била можна без донациите на д-р Врабевски?**

Да бидам искрен, без поддршката во последните две години, не само ние лично, туку и светот, ќе загубевме два големи и значајни детски настани од областа на ликовната уметност. Годинава започнавме првични преговори со УНЕСКО, но започнавме и со проекти за предлози до Европската комисија за програмите „Креативна Европа“ и „Еразмус+“. Сè полека ќе се стабилизира кога ќе се институционализира. Но, пријателите се познаваат во најтешките моменти и оваа соработка е високо ценета и ќе продолжи.

**Во полза на братските односи меѓу Бугарија и РС Македонија**

Донациите и инвестициите на д–р Врабевски кон РС Македонија, започнаа пред 17 години. Бугарскиот бизнисмен и филантроп уште во 2006 година се зафати со обнова на бугарскиот воен меморијал кај Ново Село, РС Македонија. Така од напуштени гробишта, во последните 15 години тој меморијал е посетен од илјадници кои решиле да им оддадат почит на хероите. Секоја година на 6 мај, Фондацијата „Бугарска меморија“ организира заеднички чествувања на меморијалот во духот на добрососедскиот дијалог и солидарноста меѓу Бугарија и РС Македонија во перспективата на заедничка европска иднина.



*Воен меморијал, Ново село*

Д–р Врабевски ги финансираше и градежните активности за изградба и реставрација на најголемиот православен храм во РС Македонија „Св. Кирил и Методиј“ во Делчево. За изградба на ваков храм, жителите на градот чекале цели две децении.



*Реновираниот храм „Св. Кирил и Методиј“ во Делчево со финансирање од д-р Врабевски*

Во 2017 година, д–р Врабевски се сретна со тогашниот претседател на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев во присуство на Неговото Високопреосвештенство митрополитот струмички дедо Наум. Тема на средбата беа конкретни предлози за зајакнување на добрососедските односи меѓу двете земји.

Во 2018 година бевме сведоци на историски момент – со чартер лет д–р Врабевски лично го донесе Велигденскиот Благодатен оган од Бугарија во РС Македонија во име на добрите односи меѓу двете земји.

*„Ваквите постапки го градат братството во реална ситуација“*, коментираше тогаш Милен Врабевски.



*Д-р Врабевски на средба со Зоран Заев во 2017 година*

Д–р Врабевски ја финансираше историската средба на директорите на училиштата од двете страни на границата, што се одржа во Банско во 2019 година.

Во екот на пандемијата на КОВИД–19, во април 2020 година, претседателот на Фондацијата „Бугарска меморија“ донираше лични заштитни средства за лекарите од прва линија од Република Северна Македонија, наменети за подрачјето на градовите Струмица, Делчево и Свети Николе. На сите лекари им беа обезбедени маски, очила, комбинезони и др.




Истата година со финансирањето на д–р Милен Врабевски, беа отворени кабинети по информатика во училишта во Република Северна Македонија. Со негови средства беа опремени и музичките кабинети во училиштата.

Бизнисменот редовно обезбедува средства за лекување и рехабилитација на болни деца од РС Македонија.

Во 2021 година, д–р Врабевски иницираше и финансираше отворање на два центри за вакцинација на граничните премини Златарево и Станке Лисичково, наменети за вакцинација на граѓаните на Република Северна Македонија. Потребата од двата центри за вакцинација дојде откако долго време граѓаните кои живеат на територијата на РС Македонија, немаа достап до најпопуларните и најпосакувани вакцини против КОВИД–19. На двата пункта беа аплицирани илјадници вакцини.




Меѓу најголемите иницијативи на Фондацијата „Бугарска меморија“ се годишните семинари, на кои млади луѓе од Бугарија, РС Македонија, Албанија, Србија, Молдавија и Украина заедно учат, творат, се забавуваат и создаваат трајни пријателства.



Д–р Врабевски инвестира и во програма за стипендирање талентирани млади луѓе од Република Северна Македонија

Минатата и оваа годинава, тој го финансира и здружението Детското ликовно студио „Свети Кирил и Методиј“ од Битола. Потсетуваме, Република Северна Македонија ја суспендираше државната субвенција на студиото по нивната посета на Бугарија на покана на Фондацијата Бугарска меморија. Уметниците во летото сликаа во Пловдив и Софија, а сега имаат нови посети на Бугарија и Брисел, повторно организирани и финансирани од д–р Врабевски.



*Д-р Врабевски во посета на Детското ликовно студио „Свети Кирил и Методиј“, Битола*

**Д-р Врабевски инвестира и во Албанија**

Бизнисменот е познат и во Албанија по своите големи инвестиции таму, од кои некои се: Финансирање на изградбата на водоводот во селото Туминец, Албанија, благодарение на што две од деветте села во областа, сега имаат 24–часовно водоснабдување;



Во 2020 година г. Врабевски купи противпожарно, амбулантно и теренско возило за потребите на Општина Преспа, Албанија – до тој момент, сите три возила му недостигаа на регионот. Денес, новонабавените возила опслужуваат над 10.000 луѓе во областа, каде што луѓето живеат во екстремна сиромаштија по минатогодишниот разорен земјотрес во Албанија;



Донациите на д–р Врабевски продолжуваат со опремувањето на компјутерскиот кабинет, учителската соба и библиотеката на училиштето во село Пустец, Албанија и донацијата на компјутери на полициската управа во Корча.

Д–р Врабевски направи големи донации и во Молдавија, Украина и Србија како дел од неговата инвестициска програма.

МАТУРАНТ


ЧАСТНО УЧИЛИЩЕ
„Цар Симеон Велики“
ЦАР СИМЕОН ВЕЛИКИ
ЗНАНИЕТО Е СВЕТЛИНА
2015
ОТВОРЕН
ПРИЕМ
WWW.TZARSIMEON.BG


EUROPEAN UNION
THINK briliantly,
LIVE beautifully,
LEARN fully.
STUDY IN SLOVENIA
Photo: Nikola Jurišić, www.slovenia.info
www.studyinslovenia.si
Erasmus+
Enriching lives, opening minds.
CMEPIUS